ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ТУРЦИЈА | АВИОН „LOCKHEED P-3 ORION“ | „NIMR“ | МИРОВНАТА МИСИЈА „UNMOGIP“

# ШТИТ

Број 122
Декември 2019
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Министерството за одбрана – лидер во имплементацијата на родовата рамноправност

# Промоција на поручници







Во присуство на претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Вооружените сили, Стево Пендаровски, и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје се реализираше воена свеченост по повод промоција во чин потпоручник и свечена заклетва на новопримените питомци и слушатели на Курсот за потребите на службите во Армијата на Република Северна Македонија. Во чин потпоручник беа промовирани 42 питомци на 19. класа, од кои 30 во редовите на Армијата на Република Северна Македонија, по четири за вооружените сили на Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово. Свечена заклетва, пак, дадоа 28 питомци, од 23. класа на Воената академија, и 31 слушател за потребите на службите во Армијата на Република Северна Македонија. Претседателот Пендаровски, во своето обраќање кон питомците кои го започнуваат военото образование, посочи: „Одбирајќи ја службата во Армијата одбравте благородна професија. За време на вашите студии не само што ќе имате можност да учите за современите концепти на одбраната, туку ќе ги потврдите високите етички и човечки вредности кои се неопходни за секој лидер со интегритет и чест“. Воедно, на штотуку промовираните потпоручници, честитајќи им го промовирањето во потпоручнички чин, им порача дека прифатената одговорност треба да ја носат со одговорност, како што прилега на една земја-членка на НАТО. „Од вас очекувам да донесете нова енергија и нови знаења во структурите во Армијата и, пренесувајќи го знаењето, да придонесете за зацврстување на борбената готовност и моралот



# и прием на питомци



на Армијата“, нагласи претседателот. Во рамките на свеченоста на трите прворангирани питомци, Бојана Јованова, Јован Илиев и Филип Лазов, од страна на претседателот Пендаровски, генералот Ѓурчиновски и заменикот на министерот за одбрана, Беким Максути, им беа врачени соодветни подароци за постигнатиот успех, кој е впечатлив и се движи помеѓу оценката – 9,4 до 9,6. Освен претседателот Пендаровски, генералот Ѓурчиновски, заменикот на министерот за одбрана, Максути, присуствуваа и генералите во Армијата, државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ, амбасадорот и државниот секретар на МО на Црна Гора, претставници од военот и од дипломатскиот кор, команданти на единиците на Армијата, семејства и роднини на питомците и други гости. Питомците од деветнаесеттата класа која го заврши военото четиригодишно образование од прв циклус на студии на Воената академија „Михаило Апостолски“, досега е меѓу најдобрите класи според просечниот успех, класа од која 10 питомци се припаднички на женскиот пол, кои по промовирањето ќе започнат со градење на својата воена кариера во согласност со родовите на кои припаѓаат во единиците на Армијата ширум Републиката.







# содржина

ШТИТ ■ година XI ■ број 122 ■ декември 2019

Инфо 5

На прва линија
**Министерството за одбрана – лидер во имплементацијата на родовата рамноправност и родовите перспективи** 6

Инфо
**Регионална конференција за односи со јавноста „Медиумите и одбраната“** 10

НАТО-активности
**НАТО и другите земји-кандидати за членство** 12

НАТО-армии
**Вооружените сили на Турција** 15

НАТО-стратегии
**„Стратегискиот Концепт на алијансата Од 2010 година** 18

Едукација
**„Joint Reaction – 19”** 22

Едукација
**Сигурност во бројноста** 26

24 часа
**Воена свеченост по повод Денот на Инженерискиот баталјон Презентација на нови инженериски машини** 32

Вооружување
**Авион „Lockheed P-3 Orion“** 36

Вооружување
**Автоматска пушка „НК G36“** 40

Вооружување
**Италијанска пушка „Каркано“** 42

Глобал
**Како да одговориме на навредлив коментар на работното место** 48

Филм
**„Горчлива жетва“** 56

# Според стандардите на НАТО

Да се биде дел од најмоќната воено-политичка алијанса во светот, меѓу другото, значи да се има армија чиишто припадници се задоволни од условите и објектите во кои работат, кои имаат солидни примања, соодветна едукација, современо оружје и опрема, односно имаат стандард кој соодветствува со стандардот на припадниците на армиите на земјите-членки на НАТО.
Токму затоа, Буџетот за одбраната за 2020 година е зголемен за износ од над 10 милијарди денари, што е зголемување за 22 проценти, со што модернизацијата на Армијата е реално остварлива, бидејќи за прв пат во 2020 година се одвоени 20 проценти од одбранбениот буџет, што претставува зголемување за 56 проценти во големината на средствата наменети за нова опрема за Армијата.
На овој план во тек е повеќегодишниот договор за финансирање на набавката на инженерските машини, од кои еден дел се веќе испорачани, а вториот голем проект е набавката на борбени возила, што е приоритет според Долгорочниот план за развој на одбранбените способности. Со новиот буџет ќе биде набавена и опрема за комуникациски системи и сајбер-опрема, како и друга приоритетна опрема предвидена во Долгорочниот план.
Со новиот буџет за одбраната уште повеќе ќе се работи на подобрување на стандардот на припадниците на Армијата, иако веќе на сите припадници на Армијата им беа зголемени платите за 16 проценти, а дополнително им беше овозможен дополнителен месечен надомест за 7.000 денари, и тоа за сите воени и цивилни лица во служба на Армијата.
Со Буџетот за 2020 година се предвидени значителни средства и за реконструкција на објектите на Армијата кои беа руинирани и неусловни за престој и работа со години наназад. Со новиот буџет ќе се инвестира во логистичката поддршка, ќе се зголемат школувањата, обуките и вежбите, а ќе се зголемат и надоместоците што ги примаат учесниците во мировните мисии.
Со зголемувањето на буџетот од 22 проценти во однос на 2019 година, реално ќе може да се зголеми персоналот на Армијата.
Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, на прес-конференцијата по повод буџетот за одбраната за 2020 година, изјави: „Армијата во НАТО ќе влезе со плати кои ќе бидат зголемени за 16 проценти, со дополнителни приходи на месечно ниво, со нова опрема, лична, меѓутоа и опрема од типот на механизација, со континуирано насочено внимание од државата кон секој наш војник и офицер, онака како што заслужува“, додавајќи дека тие пари се наменети за Армијата, за доброто на сите армиски припадници и за безбедна, сигурна и економски попросперитетна држава.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје





ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Воениот и цивилен кадар од ВМЦ ќе може да работи и во јавното здравство

Воениот и цивилен персонал со медицинска, фармацевтска или стоматолошка струка од Военомедицинскиот центар ќе може одреден број часови да работи во системот на јавно здравство. Ова е дел од новите законски измени во Законот за служба во Армијата кои ги најавија министерката за одбрана Радмила Шекеринска и министерот за здравство Венко Филипче. Тоа ќе биде придонес на Армијата за јавното здравство, за пациентите и граѓаните, но ќе биде и шанса за медицинските лица од ВМЦ да имаат дополнително искуство и дополнителни примања. На ваков начин се зајакнуваат капацитетите, особено со специјалистички кадар. Во ВМЦ центар работат повеќе од 20 специјалисти. Во Законот е предвидено и луѓе од јавното здравство да можат заедно со кадарот од ВМЦ да учествуваат, на пример, на одредени НАТО-мисии. Оваа новина е во согласност со Стратегијата за човечките ресурси во здравството, на којашто во моментов се работи во Министерството. Стратегијата е предвидена до 2026 година и во неа ќе бидат разработени сите модалитети за дополнително унапредување на состојбите во здравството. Со измената на Законот за здравствена заштита, секој тим од лекар и медицинска сестра ќе биде максимално искористен и специјалистите-лекари ќе можат целосно да ја остварат својата практика. Овој закон дозволува дополнителна работа на сите специјалисти во здравствени установи каде нема специјалисти за одредена област. Овој начин претставува наградување на специјализацијата, кадарот ќе се зајакне, прво преку дежурствата, а потоа и преку влегување во системот на „Мој термин“. Министерот Филипче, исто такаистакна дека благодарение на измената на Законот за служба ќе се овозможи сите вработени во ВМЦ да ја надградуваат својата екпертиза, дополнително да заработат и јавното здравство да има бенефит од надополнување на кадарот таму каде што најмногу недостига. Министерката Шекеринска најави уште една новина која ја предвидува Законот за служба во Армијата, а се однесува на цивилите во Армијата. Со измените во Законот, цивилите на служба во Армијата ќе добијат за 10% повисоки плати, со што ќе се приближат со износите кои ги добиваат воените лица.



# Началникот на ГШ на состанок на Воениот комитет на ЕУ

Началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во рамки на неколкудневната посета на Кралството Белгија, на 21 ноември во Брисел учествуваше на состанок на Воениот комитет на Европската унија на ниво на началници на генералштабови. На



овој состанок на највисокото воено тело на Европската унија, на кое генералот Ѓурчиновски учествува за првпат од неговото назначување за началник на Генералштабот, армиските лидери, покрај прашања од доменот на безбедносната состојба и меѓусебната интероперабилност помеѓу армиите и со НАТО, се разгледуваа и теми поврзани со обуката и заеднички вежбовни активности како дел од мисијата на Воениот комитет. Со состанокот со началниците на генералштабовите претседаваше, генералот Клаудио Грацијано, кој минатиот месец беше во прва официјална посета на Генералштабот на Армијата како претседавач на Воениот комитет. Нашето учество во заедничката одбранбена политика на Европската унија, каде покрај континуираното учество во мисијата АЛТЕА партиципираме и во борбените групи на ЕУ, е значаен елемент во поддршката на политичкиот процес за исполнување на критериумите за полноправно членство во Европската унија.
Претходно, генералот Ѓурчиновски оствари средба со претседавачот на Воениот комитет на НАТО, воздухопловниот маршал Стјуарт Пич, на која се разговараше за теми од заемен интерес и за понатамошните активности на нашата армија, поврзани со нашето полноправно членство во НАТО. Исто така, во Врховната команда на НАТО-алијансата (SHAPE), во Монс, генералот Ѓурчиновски оствари официјален состанок со началникот на Штабот на оваа највисока команда на НАТО, генерал Маркус Кнеип.

# 14. традиционален Меморијален турнир во мал фудбал

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, на 14 ноември, во спортскиот центар „Борис Трајковски“ го отвори четиринаесеттиот традиционален Меморијален турнир во мал фудбал, кој Здружението на бранителите и Министерството за одбрана го организираат во чест на загинатите бранители на нашата татковина. На Турнирот учествуваа 16 екипи од целата држава, вклучувајќи и екипа од Министерството за одбрана и Генералштаб на Армијата и од Министерството за внатрешни работи. Министерката се заблагодари на Здружението за нивната мотивираност и посветеност во организација на овој турнир за бранителите кои, рече таа, го дадоа својот живот за нашиот мир, нашата безбедност, нашата



држава и народ, и живеењето во мир, благосостојба и безбедност. „Сето поминато време е кратко за болката да биде подноослива. Да изгубите, да изгубиме некој близок, значи да се помести целото наше постоење, целиот наш живот, сета наша реалност. Меѓутоа, се собираме на сите овие меморијални турнири за да кажеме дека нивната жртва никогаш нема да биде заборавена, ниту, пак, ќе биде залудна. Тие се причината зошто денеска живееме во мир, како безбедна, нормална држава, зашто денеска воопшто можеме да размислуваме за интеграција, за перспективи, за нови можности и за просперитет“, рече министерката. Шекеринска, во име на Министерството и Владата, изрази длабока почит за службата, пожртвуваноста и храброста на бранителите кои, рече, се нашите херои, сега и секогаш. „Спортот е можеби најдобриот начин, како и културата и уметноста, да ја изразиме нашата почит, онаму каде што зборовите веќе не можат ништо повеќе да кажат“, посочи министерката, која во име на сеќавањето кон делото на бранителите го прогласи Меморијалниот турнир за отворен.

Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија интензивно работат на имплементацијата на родовата рамноправност и родовите перспективи во секторот одбрана. За оваа цел е формирана Работна група за имплементација на родовата перспектива, која интензивно работи на исполнување на своите задачи и цели. За прв пат родовата перспектива е интегрирана во стратегиските документи на Министерството за одбрана и Армијата, вклучително и во предлозите за изменување и дополнување на Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата. Се работи на воведување на родова структура која предвидува по еден родов советник во Министерството за одбрана и во Кабинетот на началникот на Генералштабот и мрежа на родови претставници. Бројот на жени во Армијата во континуитет се зголемува, а расте и процентот на жени кои се упатени во меѓународни мисии и процентот на жени-питомки во Воената академија. Особено внимание се посветува и на зголемување на бројот на жени на високи позиции. Од формирањето на Армијата беше промовирана само една жена-полковничка, а само во изминатата година тој број три пати се зголеми. Исто така, оваа година, за прв пат е избрана жена на позицијата аѓутант на претседателот на Република Северна Македонија.
Унапредувањето на условите за работа е во фокусот на вниманието. За таа цел е изработено Упатство за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата, во согласност со политиката на НАТО за жените, мирот и безбедноста и со најновата политика за превенција и одговор на сексуална експлоатација и злоупотреба. За соодветна имплементација на Упатството, изработена е и брошура, која наскоро ќе се промовира низ касарните. До крајот на оваа година ќе се спроведат и анкети помеѓу припадниците на Армијата и вработените во Министерството, со цел да се утврдат тековните состојби со родовата еднаквост. Континуирано се работи и на унапредување на свеста на вработените за родовите прашања, преку обука на персоналот на домашни и на меѓународни активности. Формиран е басен на НАТО-сертифицираните обучувачи, којшто постојано се надградува. Изработено е и Упатство за спроведување на родовите обуки, кое ќе помогне во стандардизирање на родовата обука и во насочување на работата на сертифицираните обучувачи.



# Министерствот на родовата

Жените имаат значајна улога во унапредувањето на мирот, одржувањето на безбедноста и справувањето со конфликти. Зголемувањето на бројот на жени во безбедносните институции и структури овозможува формулирање на безбедносни политики, збогатени со искуства и знаења кои одговараат на интересите и потребите и на жените и на мажите. Само на овој начин институциите ќе бидат поефикасни при одговор на различните безбедносни потреби во рамките на општеството. Министерството за одбрана и Армијата




# о за одбрана – лидер во имплементацијата рамноправност и родовите перспективи



на Република Северна Македонија континуирано се фокусирани на привлекување на повеќе жени, на унапредување на условите за работа и создавањето на еднакви можности за развој во кариерата. Само во текот на изминатите два месеци беа финализирани повеќе активности со кои потврдуваме дека сме лидери во имплементацијата на родовата перспектива во секторот одбрана. Работната група за имплементација на родовата перспектива активно работи на тој план, при што настојува да соработува со сите партнери и поддржувачи од државата и



пошироко. За таа цел во изминатиот период беа одржани бројни средби и презентации. Така, во текот на месец ноември беше одржана средба со претставници на Собранието и со невладиниот сектор, на која беше презентирано Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата. На средбата, на која присуствуваа претседателката на Собраниската комисијата за еднакви можности, Даниела Рангелова, претседателката на Клубот на пратенички, Ѓулумсер Касапи, претставници на Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на „UN Women" во Скопје и невладиниот сектор, беа споделени и искуствата од досегашната работа на Работната група и достигнувањата на планот на родовите перспективи. Работната група оствари и работна средба со делегација на „UN Women", предводена од заменичката на директорката на Регионалната канцеларија на „UN Women" во Истанбул, Блерта Чела. На состанокот беше потврдена одличната соработка со Канцеларијата на „UN Women" во Скопје, во областа на родовата еднаквост, и беше договорена идна поддршка за унапредување на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата.

Кон крајот на ноември, за назначените родови претставници во МО и Армијата беше одржана обука за практична примена на Упатството за заштита од вознемирување на работното место и за други теми поврзани со родовата рамноправност. Се предвидува обуката да се реализира во три фази. Првата фаза ја спроведоа сертифицираните родови обучувачи од Министерството за одбрана и експерти од Министерството за труд и социјална политика и Канцеларијата на „UN Women" во Скопје.

## „Улогата на жените во сочувувањето на мирот и безбедноста: Резолуцијата 1325 – Основа за акција"

Од 21 до 23 ноември во Скопје беше одржана меѓународна конференција на тема „Улогата на жените во сочувувањето на мирот и безбедноста: Резолуцијата 1325 – Основа за акција", во организација на „Нексус – Граѓански концепт", со поддршка на НАТО.

Целта на оваа значајна меѓународна конференција беше да се постигне поголемо и пошироко разбирање на вредностите на НАТО, поврзани со жените, мирот и безбедноста, со имплементацијата на Резолуцијата 1325.

На свеченото отворање на Конференцијата свои воведни обраќања имаа министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, министерката за правда, Рената Тренеска-Дескоска, полковникот Зоран Јанковиќ, шеф на НАТО-канцеларијата за врски во Скопје, Н.Е. Кејт Мари Брнз, амбасадорка на САД во Република Северна Македонија, а со видеоконференциска врска на присутните им се обрати и Клер Хачинсон, специјална претставничка на генералниот секретар на НАТО за жени, мир и безбедност.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, се осврна на најзначајните активности кои се преземаат во МО и Армијата во однос на имплементирањето на родовите перспективи, притоа потенцирајќи дека, иако бројот на жени континуирано се зголемува, ќе се продолжи со политиката на привлекување и задржување на жени во Армијата во офицерскиот, подофицерскиот, војничкиот и цивилниот кадар. Се задржа на предлозите за измени и дополнувања на Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата, со кои родовата компонента се интегрира во овие закони. Министерката додаде дека, како резултат на досегашната работа во Министерството, се уриваат бариерите во кариерното





напредување и, иако бројките се мали, прогресот е очигледен и значаен. „Ако пред две години имавме само една жена-полковничка, денес имаме три. Ако порано на повисоките позиции немало ниту една жена, сега за прв пат во историјата на нашата држава имаме жена-аѓутант на врховниот командант. Мислам дека ова се важни сигнали, затоа што акциските планови се носат и се заборавaат, ама видливите промени остануваат“, истакна министерката во своето обраќање на Конференцијата.
Во текот на Конференцијата беа споделени искуства и видувања на најразлични теми поврзани со улогата на жените во современите демократски општества и во зачувувањето на мирот. Учесници на панел-дискусијата беа претставници на институциите и на невладиниот сектор, од нашата и од неколку земји од регионот, од ОБСЕ, од „UN Women“, од Делегацијата на ЕУ, од академската заедница и други учесници. Голем интерес предизвика излагањето на полковничката Билјана Блажеска, аѓутантка на претседателот и врховен командант на Армијата. Таа, во своето излагање се осврна на учеството на жените од Армијата во мировните мисии, споделувајќи го со присутните и своето лично искуство како жена-учесничка во мисија во Авганистан.

## Родовата перспектива во регионален контекст

Кон средината на ноември во Скопје, во рамки на проектот на UNDP SEESAC – „Зајакнување на регионалната соработка за интегрирање на родовата перспектива во реформите на безбедносниот сектор во Западен Балкан“, се одржа 11. регионален состанок посветен на механизмите за родова еднаквост во министерствата за одбрана и во вооружените сили на земјите од Западен Балкан, на кој учествуваа претставници на Република Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Состанокот го отвори министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, а воведни излагања, во својство на претставници на покровителите на Проектот, имаа и амбасадорот на Република Словачка, Хенрик Маркуш, одбранбеното аташе на Кралството Норвешка, Егеил Далтвеит, и директорката на UNDP во Република Северна Македонија, Нарин Сахакијан. Министерката Шекеринска истакна дека зголемувањето на учеството на жените во армиските редови не се прави и не треба да се прави преку ноќ, туку треба напорна работа и силна посветеност.



Таа додаде: „Навистина правиме сѐ да ја направиме Армијата пријатна средина, конструктивна, отворена за работа на жените и да имаме што повеќе жени на високи позиции. Изработивме Упатство за заштита од вознемирување на работно место, кое целосно е во согласност со политиките на НАТО и на Обединетите нации за жени, мир и безбедност. Со предложените измени на Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата, за прв пат родовата компонента треба да биде интегрирана во сите структури и ќе претставува дел од политиките на Министерството. Оваа година за прв пат работиме на родова структура на Министерството и Армијата, со која се воведува родов советник во канцеларијата на началникот на Генералштабот, родов советник во Министерството и родови претставници на сите пониски нивоа“. Министерката посочи дека клучната промена не е во фактот дека се преземаат овие чекори, туку дека оваа политика е реално прифатена и од Генералштабот, што овозможува таа да е одржлива на подолг рок. Обуките за родова рамноправност и кршењето на бариерите во кариерното унапредување се дел од чекорите за целосна родова еднаквост. Во редовите на Армијата на Република Северна Македонија има три полковнички, а речиси во секоја мисија во Авганистан, во рамките на контингентот од Армијата, има жени, исто како што во мисијата во Либан во моментов има претставничка на Армијата, а аѓутант на претседателот е жена-полковник, прва на таа позиција во историјата на државата.
Во работниот дел од состанокот се разговараше за преземените активности, за најдобрите практики, за постигнатиот напредок и за предизвиците на полето на родовата еднаквост.

Проектот на UNDP SEESAC – „Зајакнување на регионалната соработка за интегрирање на родовата перспектива во реформите на безбедносниот сектор во Западен Балкан“, е финансиски поддржан од Кралството Норвешка и од Република Словачка.
Клирингшка куќа на Југоисточна и на Источна Европа за контрола на мало и лесно вооружување (SEESAC), со мандат од Програмата за развој на Обединетите нации и Советот за регионална соработка (RCC), поддржува активности за зајакнување на националните и регионалните капацитети, придонесувајќи кон подобрена стабилност, безбедност и развој на Југоисточна и на Источна Европа. Една од целите на SEESAC е и интеграција на родовата перспектива во процесот на реформи во безбедносниот сектор.
SEESAC е партнер и активен поддржувач на активностите на Работната група за имплементација на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата. Заедничките активности во континуитет придонесуваат кон унапредување на родовата перспектива, обезбедувајќи одржување на веќе постигнатите резултати.



# Регионална конференција за односи со јавноста „Медиумите и одбраната“

Односите со јавноста, транспарентноста и отвореноста на државните институции, особено во доменот на одбраната, се еден од столбовите на демократијата. Односите со јавноста се дел од европските и евроатлантските вредности и едни од приоритетите за земјите од регионот. Токму влијанието на евроатлантските интеграции во развојот на односите со јавноста, односот помеѓу медиумските претставници и институциите, вмрежувањето на специјалистите во доменот на односите со јавноста и пристапот на земјите кон популаризацијата на воената професија, беа темите на кои од 14 до 16 октомври, во Сараево, Босна и Херцеговина, дискутираа специјалисти за односи со јавноста од Република Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Словенија, Србија, Норвешка и од Командата на мисијата на ЕУ во Босна и Херцеговина. На Конференцијата учествуваа и реномирани новинари со долгогодишно искуство во областа на одбраната, кои имаа можност да го споделат своето искуство во работењето со институциите, особено во министерствата за одбрана и во вооружените сили на земјите чии претставници учествуваат на Конференцијата.

> Континуираното унапредување на специјалистите во доменот на односите со јавноста, нивното вмрежување, соработка, размена на идеи, експертиза и искуства, е база на развојот на оваа значајна област, особено во доменот на одбраната и безбедноста, и затоа учеството на овие настани е повеќе од добредојдено

Алатките на активната транспарентност и проактивното пласирање на важни информации поврзани со работењето на Министерството за одбрана – јавните набавки, средствата од буџетот, ревизорските извештаи, стратешките документи, законските и подзаконските акти, интерната организација и слободниот пристап до информации од јавен карактер, како и платите на функционерите во Министерството и Генералштабот, беа препознаени како една од уникатните карактеристики и новини во работењето на Министерството за одбрана и на нашата држава. Овој пристап беше потенциран како пример кој треба да го следат останатите земји во регионот, и тоа токму од страна на претставници од истражувачкото новинарство и невладиниот сектор. Македонските претставници, пак, информираа за исклучително големиот чекор кој го направи Министерството за одбрана, со скок од 42 места на Индексот за активна транспарентност, од 45. на 3. место, на вкупната ранг-листа на централните и локалните институции.
Во тој контекст, беше споменато дека и евроатлантските интеграции, нивното забрзување и интензивирање, во голема мера помагаат кон воведување на ваков вид демократски алатки, и тоа во областа каде што традиционално се сметаат за позатворени. Учесниците дадоа големо значење на потребата од развој на ова поле и заклучија дека темата мора да остане во фокусот на разговорите и дискусиите и во иднина.

## Институциите и медиумите, партнери со иста цел: јавниот интерес

Една од уникатните придобивки од Конференцијата беше фактот дека на исто место дискутираа специјалисти во односите со јавноста, „евроатлантисти“, и претставници на медиумите, новинари со значајно искуство во одбранбениот сектор. Новинарската фела од нашата земја ја претставуваше Игор Илиевски, новинар во новинската агенција „Мета“, инаку новинар со долгогодишно искуство во следење на одбранбениот сектор во државата. Промените на полето на односите со јавноста и отвореноста на институцијата имаат ехо и кај новинарите кои ја следат одбраната – тоа беше потврдено и од Илиевски, кој посочи дека токму активната транспарентност е алатка која не само што го олеснува пристапот до информации, туку и директно делува како чувар на јавниот интерес. На регионално ниво, сепак, беше спомената дека постои потреба од интензивирање на меѓусебните контакти, користење на директна и двонасочна комуникација (една таква алатка се брифинзите) и дополнително анимирање на новинарите во контекст на покривање и популаризација на активностите на вооружените сили. Истакнат беше и фактот дека сите регионални Министерства за одбрана мораат да продолжат да работат на развојот на сопствените капацитети, што подразбира и зголемување на бројот на лица во рамките на организациските единици за односи со јавноста, но и нивно дополнително усовршување. Во таа насока, како кредибилен и квалитетен центар за развој на знаењата во оваа област, но и како успешна приказна која произлегува од процесот на евроатлантски интеграции за нашата земја, спомената беше и Регионалниот центар за односи со јавноста, НАТО сертифициран центар, дел од партнерската мрежа на центри за



тренинг и едукација, каде уште еднаш се потенцираше на можноста земјите-учеснички да го користат токму овој центар за развој на своите капацитети. Како еден успешен проект и модел за заеднички развој на знаењата во односите со јавноста, РЦОЈ, беше спомената и од претставниците на домаќинот, Босна и Херцеговина, но и од Хрватска, земји кои имаат свои специјалисти во областа, сертифицирани и како медиа-тренери во РЦОЈ.



## Популаризација на воената професија како предизвик за целиот регион

Привлекувањето на млад кадар, мотивиран и подготвен да биде дел од вооружените сили е една од главните функции на одбраната но, исто така, и еден од главните предизвици со кои се соочуваат сите земји од регионот.

Преку презентации за популаризацијата на воената професија, сите земји информираа за преземените чекори во оваа насока, при што можеше да се дојде до заклучок дека голем дел од активностите се слични – користење на алатките на односите со јавноста на најефикасен начин, користење на големи настани и настани каде има голем проток на граѓани (плоштади, трговски центри и сл.) за приближување на воената професија до нив, користење на големите воени вежби и планираните активности во доменот на цивилно-воената соработка, билборди, брендирани автобуси и слично. Учесниците на конференцијата беа децидни дека за системот на популаризација да дава резултати, потребно е сите чинители заеднички да работат на сите елементи на професијата – условите за работа и живот, можностите за развој и едукација и унапредување во кариерата. Од страна на македонските претставници беа презентирани напорите за привлекување на младите граѓани, првенствено оние кои се определиле за доброволно служење воен рок, потоа за начинот на пријавување и за критериумите на јавните огласи за прием на професионални војници, како и за пријавувањето на Воената академија. На Конференцијата беа презентирани и начините на кои се користат социјалните медиуми, како и искуството од популаризацијата на воената професија за време на најголемата воена вежба оваа година во нашата држава, „Одлучен удар“. Дополнително, беше спомената дека, почнувајќи од оваа година, Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, е и носител на издавачката дејност, со што се воспоставува систем преку кој поефикасно ќе се утврдуваат и ќе се реализираат потребите од печатен материјал, со што ќе се подобри и квалитетот на популаризацијата на воената професија.

Иван Петрушевски




# НАТО и другите земји-кандидати з

Донесувањето на Акциониот план за членство им помогна на земјите-аспиранти за членство во Алијансата да ги зајакнат и да ги фокусираат подготовките за достигнување на целите и на приоритетите зацртани со планот. Деветте земји кои ја искажаа заинтересираноста за членство во НАТО и кои учествуваа во овој план беа: Албанија, Бугарија, Естонија, Летонија, Литванија, Романија, Словачка, Словенија и Македонија. Акциониот план за членство ја зајакна кандидатурата на сите заинтересирани земји и не беше замена за програмата Партнерство за мир. Целосното учество во ПзМ/ПАРП беше од суштинско значење за земјите-кандидати, затоа што ја развиваа нивната интероперативност со НАТО-силите и ги подготвуваа сопствените воени структури и капацитети за можно идно членство. Планот ѝ даде суштина на заложбата на НАТО да ја остави својата врата отворена. Сепак, планираното членство не беше гаранција за идното зачленување во НАТО ниту, пак, тоа е едноставна листа на задачи која земјите-кандитати требаа да ги исполнат. Одлуката да им се понуди на кандитатите да започнат преговори за членство, треба да биде донесена од раководните органи на НАТО, со консензус, и по испитувањето на секој случај посебно.

## Прием на други држави во НАТО

**Ерменија**

Ерменија потпиша договор за програмата „Партерство за мир“ и за Акциониот план за индивидуално партнерство, но Ерменија најверојатно нема да стане членка на НАТО затоа што нејзините принципи често се поврзуваат со оние на Русија, и таа

На Вашингтонскиот самит на НАТО во април 1999 година, лидерите на сојузничките земји се обврзаа дека Чешка, Унгарија и Полска нема да бидат последни нови земји кои ќе му се придружат на НАТО и соопштија дека процесот на проширување треба да се преиспита во 2002 година



# а членство

останува да биде членка на Комонвелтот на независни држави (Заедницата на независни држави е меѓународна организација или алијанса која се состои од 11 поранешни советски републики: Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Казахстан, Киргистан,Молдавија, Русија, Таџикистан и Узбекистан. Од 2005 година Туркменистан го прекинал трајното членство и сега е земја-соработничка.

Ерменија се повлече од учеството во воените вежби на НАТО во Грузија на 8 мај 2009 година, поради наводната поддршка на Азарбејџан од страна на генералниот секретар на НАТО, правејќи ја состојбата уште повеќе веројатна, дека Ерменија нема да стане членка на НАТО.

**Азербејџан**

Според одредени извори на НАТО, во август 2009 година, дел од главните службеници во штабовите на НАТО во Брисел му дале предност на Азербејџан во врска со прашањето за членство. Во таа насока, Турција, Романија, Италија, Полска, Обединетото Кралство и балтичките држави, се вбројуваат помеѓу членките коишто ја поддржуваат оваа држава што побрзо да стане членка на НАТО. Иако претседателот Илхам Алијев, особено во текот на 2003 година, се однесуваше непристрасно во врска со членството, Азербејџан беше домаќин на вежбите на НАТО и на значајни состаноци наредните години.

Сепак, нерешениот конфликт со регионот Нагорно–Карабах би претставувал главна пречка за членство (регионот станал причина за спор помеѓу Ерменија и Азербејџан, кулминирајќи со војната во Нагорно–Карабах). По примирјето постигнато со руска помош на 12 мај 1994 година, најголемиот дел од Нагорно–Карабах и неколку области на Азербејџан околу регионот се под контрола на војската на Ерменија.

**Финска**

Финска учествува во речиси сите помали делови од програмата „Партнерство за мир“ и ангажираше мировни сили во мисиите во Авганистан и во Косово. Спроведената анкета во 2005 година покажа дека јавноста е против членство во НАТО. Можноста на Финска за влез во НАТО беше едно од најважните прашања кое беше дебатирано во текот на претседателските избори во Финска во 2006 година.

На изборите во 2006 година, главниот кандидат на опозицијата ја поддржуваше Финска да стане членка на НАТО. Од друга страна, претседателката Тарија Халонен се противеше за промена на статусот и нејзината победа и повторната поддршка за местото претседател во тој период го тргна настрана прашањето за членството на Финска во НАТО. Финска би можела да го промени својот став за членство во НАТО по Договорот од Лисабон,изјаснувајќи се дека ако има нов Договор за обрана на ЕУ, тоа би можело да ја зголеми безбедноста на Финска.

Поранешниот претседател на Финска, Марти Атисари, тврдеше дека Финска треба да се приклучи кон сите организации поддржани од другите западни демократии. Но, еден друг поранешен претседател, Мауно Коивисто, се спротивставува на идејата, тврдејќи дека членството во НАТО ќе ги уништи односите на Финска со Русија. Во октомври 2009 година, премиерот на Финска, Мати Ванханен, повтори дека Финска нема намера да стане членка на НАТО, изјавувајќи оти главната лекција од војната во Јужна Осетија во 2008 година е дека на Финска ѝ се потребни поблиски односи со Русија.

**Русија**

Во април 2009 година, полскиот министер за надворешни работи, Радослав Сикорски, предложи Русија да се приклучи кон НАТО. Раководството на Русија се изјасни дека државата не планира да ѝ се приклучи на Алијансата и не планира да оствари премногу блиска соработка.

Рускиот дипломатски претставник во НАТО, Димитри Рогозин, вели дека „големите сили не се приклучуваат кон коалиции, тие создаваат коалиции. А, Русија, себеси се смета за огромна сила.” Сепак, тој рече дека Русија не ја исклучува можноста за влез во НАТО во иднина.





**Република Северна Македонија**
Во текот на деведесеттите години, Република Македонија требаше да биде примена во Организацијата на Обединетите нации. Во текот на 1993 година Советот за безбедност на ООН ги усвои резолуциите 817 и 845, со кои му се сугерира на Генералното собрание при ООН да ја признае Македонија во членството на ООН под привремената референца, сè додека не се изнајде решение околу разликите за името на оваа земја со Грција.
На НАТО-самитот во Букурешт, Романија, во 2008 година, беше јасно истакнато дека НАТО ќе донесе историска одлука за прием на три балкански држави: Хрватска, Албанија и Македонија, и дека овие земји го поминаа тешкиот пат на реформите и изградија слободни општества.
Тие беа подготвени да придонесат кон НАТО-алијансата и нивните граѓани ја заслужија безбедноста која ја носи НАТО. Алијансата требаше да одговори и на барањата од Грузија и од Украина за учество во Акциониот план на НАТО. Овие две нации го инспирираа светот со нивните револуции (Револуцијата на розите и Портокаловата револуција), со консолидација на нивните демократски придобивки и со зацврстување на нивната независност.
Беше нагласено дека со влегувањето на новите сојузници на НАТО, се потврдува дека вратата за членство во НАТО останува отворена и за другите нации кои го бараат тоа, и на Балканот, но и пошироко.
Членството во евроатлантските организации остана стратешки интерес за Република Северна Македонија, од нејзиното осамостојување до ден-денес.
Евроатлантската интеграција несомнено е најсилниот двигател на реформските процеси во Регионот и на Западен Балкан.
После отворањето на вратите на ЕУ за државите од Централна и од Источна Европа, балканските држави засилено се насочија кон преземање на потребните чекори за влез во Унијата. Од почетокот на економската и политичката транзиција, придружувањето кон Европската унија и Северноатлантската алијанса, беше и сè уште е поставено на врвот на приоритетите во надворешната политика на Р. Северна Македонија.
Одлуката е резултат на нашата приоритетна определба за активно учество во изградбата на пошироката безбедносна архитектура во Евроатлантската област. Република Северна Македонија ги започна претпристапните преговори за членство во НАТО, откако на Самитот во Брисел на 12 јули, земјата и официјално доби покана за членство.

Драган Павловски





# Вооружените сили на Турција

Политиките за национална безбедност и неопходните мерки за реализација на истите, ги утврдува претседателот на државата, во соработка со Националниот совет за безбедност, во чиј состав се замениците на претседателот на државата, министрите за правда, национална одбрана, внатрешни работи и надворешни работи, началникот на Генералштабот и командантите на копнените сили, воената морнарица и воздухопловните сили. Претседателот на државата е надлежен за одлуките кои се однесуваат на употреба на вооружените сили (ВС) и го поставува и разрешува началникот на Генералштабот. За националната безбедност и борбената готовност на армијата, тој е одговорен пред Големото национално собрание. Командант на вооружените сили во мирно време е началникот на Генералштабот (ГШ), кој во време на војна ги извршува должностите на врховен командант во име на претседателот на Републиката. Под команда на ГШ се: командите на копнените сили, воената морнарица, воздухопловните сили и силите за специјални операции.

Копнените сили на турската армија се распоредени во: маневарски единици – единици на пешадијата и оклопни единици; единици за борбена поддршка – артилериски, противавионски (ПВО), авијациски, инженериски, извидувачки, АБХО и единици за врски; единици за борбена и сервисна поддршка.

Мисијата на пешадиските единици е со борби, маневар, удари и со нанесување жртви, да се намали борбената





Турција е демократска, секуларна и социјална држава, република со еден законодавен дом (Големото национално собрание). Турција е членка на НАТО од 1952 година и е најбројната НАТО-армија после САД, и е единствена земја-членка на НАТО која лежи на два континенти – Европа и Азија. Турција е домаќин на Сојузничката команда на копнените сили (Headquarters Allied Land Command) од составот на НАТО-командата за операции и на Командата на корпусот за брзо распоредување (Headquarters Rapid Deployable Corps Turkey)

моќ на непријателот и истиот да се неутрализира, како и контрола на територијата.Организациските структури на единиците се различни и истите се приспособени на извршување на доделените задачи. Според својата намена, единиците се пешадиски, механизирани, моторизирани, гранични, противтенковски, минофрлачки, воздушно-десантни и командоси. Во својот состав поседуваат: оружје за блиска пешадиска борба, противоклопни системи (Eryx, Milan, Tow и Kornet-E), минофрлачи 60, 81, 106 и 120 мм и оклопни борбени возила, системи и транспортери. Основната ударна моќ на оклопните единици се тенкови со голема маневарска и огнена моќ. Наменети се за уништување на непријателски формации, со помош на огнената моќ, заштитниот оклоп, мобилноста и брзите удари, во координација со другите единици и огнени системи. Во својот состав поседуваат тенкови



„M48 A5“, „M60 A1/A3“ и „Leopard“. Во тек се напори за производство и развој на сопствен тенк „Altay“, опремен со најсовремени технологии, со голема огнена моќ и прецизност и висок степен на мобилност.

Артилеријата обезбедува континуирана огнена поддршка во секакви операции, со цел сузбивање, неутрализирање и уништување на непријателот на бојното поле, во одредено време и место. Во својот состав имаат хаубици 105, 155, 175 и 203 мм и повеќецевни ракетни лансирни системи (од 107 до 600мм).

Основна намена на единиците за ПВО е одбрана на воздушниот простор од непријателски воздушни и ракетни напади, со цел поддршка на копнените операции. Со истата намена се и системите за рано предупредување и интегрирање на овие системи во Командата на воздухопловните сили. Во нивниот состав се: противавионски топови „35мм Oerlikon“ и ракетните системи „Stinger“ и „KMS-Atılgan/ Zıpkın“. Покрај тоа, се развиваат и национални ракетни системи за ниски и средни височини, преносни ПВО ракетни системи, радари за рано предупредување, системи за идентификација на непријателски летала.

Авијацијата во составот на КоВ е многу важен борбен ресурс за потребите на единиците, на определено место и во одредено време. Обезбедува блиска борбена поддршка, извидување на непријателскиот распоред, транспорт и извршување на задачи од областа на барање и сасување и медицинска евакуација.

За модернизација и развој за потребите на КоВ планирани се : борбен хеликоптер „T129 Atak“, оспособен за дејства од големи височини, дење и ноќе, и во секакви временски услови; тенк „Altay“, со голем радиус на дејство и ефективна огнена моќ. Првите 15 тенка би биле во функција во 2020 г., а наредната 2021 г. дополнителни 20. До реализација на овој проект, планирана е надградба на тенковите „Leopard 1“, модернизација на тенковите „M60 A1“ и набавка на тенкови „Leopard 2A4“; хаубица „Firtina T-155“, со голем дострел и сопствен напреден систем за командување и контрола; лесна преносна хаубица 105 мм „Boran“; повеќецевен ракетен фрлач 122 мм, повеќецевен ракетен систем 302 мм „Kasırga“ и ракетен систем 600 мм „Yıldırım“ (J); противтенковски систем со среден дострел „Mizrak-O“, со можност за употреба од хеликоптер „Atak“; граната 155 мм со голем дострел, за потребите на „Firtina“ и „Panter“ хаубиците; ласерски водена муниција „Cirit“ за лансирање од хеликоптерите „Super Cobra“ (AH 1W) и

„Atak“; поквалитетна заштита од мини и кинетичка енергија на оклопните борбени возила Cobra; амфибиско оклопно инженериско возило „Kunduz“; возило „Poyraz“ за транспорт на муниција на самоодната хаубица „Firtina“; беспилотни летала, термички камери и системи за набљудување за потребите на извидувачките и на граничните единици.
Воената морнарица е наменета за одбрана на својата територија од евентуални напади од море и поддршка на државните интереси. Под команда на Командата на воената морнарица се: Командата на Турската поморска флота; Командата за северниот дел; Командата за јужниот дел; Командата за поморска обука, во чиј состав се Поморската акадмија, две поморски школи и 7 центри за обука. Воената морнарица располага со фрегати, корвети, патролни чамци, бродови за минирање и деминирање, подморници, помошни бродови (за обука, за транспорт на гориво, за спасување и др.), бродови за слетување на авијацијата, морнаричка авијација и хеликоптери („SH-70“ и „AB-212“).
Воздухопловните сили се составени од два борбени авиокорпуси и еден корпус за поддршка. Опремени се со: авиони: борбени F-16“ Fighting Falcon, Mc Donnell-Douglas F-4/2020 и NF-5, извидувачки Boeing 737-700 IGW, транспортни Boeing KC-135R Stratotanker, Cessna C.550 Citation, TUSAŞ CASA CN-235, Grumman Gulfstream-IV, Lockheed C-130 Hercules и C-160 Transall, за обука T-38M и SIAI-Marchetti TAI SF 260D; хеликоптери: Cougar, UH-1H. Под команда на Командата на воеското воздухопловство се: Командата на борбените воздухопловни сили и противракетна одбрана, формирана во 2014 г., во чиј состав се Центарот за воздухопловни операции и Командата за противвоздушна одбрана (ПВО); Командата за воздухопловна обука; Командата за воздухопловна логистика.
Пополнувањето на армијата со персонал последните десетина години варира од 514.000 (2008г.) до 360.000 (2016 г.), од кога повторно бележи раст. Служењето на воениот рок е задолжителен и бројот на регрути во армијата е значителен. Сите мажи на возраст од 19 до 41 години задолжително служат 15 месеци воен рок.
Армијата со офицери се пополнува со завршени питомци на Воената академија, дипломирани студенти на цивилните факултети (за чија струка армијата има интерес) и подофицери со завршен факултет и со исполнети 4 години активна служба. Подофицерскиот кор се пополнува од завршени студенти од средните воени и од цивилните училишта (со 5-месечна воена обука). Офицерите и подофицерите можат да бидат во служба и под договор.
Турските ВС учествуваат во голем број мировни операции, со свои воени формации и со меѓународни набљудувачи. Тие учествуваат во мисии предводени од:
ОН: UNMIK (Косово), UNIFIL (Либан) и UNSOM (Сомалија),
НАТО: KFOR (Косово) и NATO Training and Capacity Building-NTCB-I (Ирак),
ЕУ: ALTHEA (Босна и Херцеговина),
Сојузници: Resolute Support (Авганистан) и Sea Guardian (во териториjалните води на Сомалија).
Турција, исто така, учествува во механизми за регионална соработка: Процес на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа (SEDM), формиран во 1996г. Активностите на иницијативата вклучуваат погранична безбедносна соработка, борба против тероризмот, соработка на воените индустрии и симулациската мрежа на Југоисточна Европа;Мултинационални мировни сили за Југоисточна Европа (MPFSEE), како една од најзначајните иницијативи на SEDM процесот, формирани 1998г.; Наменски сили за поморска соработка на Црното Море (BLACKSEAFOR), механизам за соработка воспоставен во 2001 година од страна на земји кои го делат брегот на Црното Море.
Центарот за обука на Партнерството за мир (ПзМ) бил формиран во 1998 г. и бил прв НАТО-центар наменет за обука на партнерските земји. Центарот бил и прв партнерски тренинг-центар кој во 2002 г. вовел мобилни програми за обука, чии активности сè уште се во тек и се спроведуваат со воените институции на партнерските земји, со цел зајакнување на интероперабилноста и поддршка на билатералните активности на армиите. Од своето формирање до денес, Центарот активно придонесува кон партнерските иницијативи, преку спроведување на курсеви, мобилни активности за обука и семинари, наменети за припадниците на НАТО, и за земјите-членки на ПзМ, Медитеранскиот дијалог (MD), Истанбулската иницијатива за соработка (ICI), Партнери низ целиот свет (PatG) и земјите со кои Турција има билатерални односи. Во 2014 г. Центарот се стекнал со Акредитивен сертификат на НАТО (NATO Quality Assurance Unconditional Accreditation Certificate), важечки до 2020 година. Ваков сертификат поседуваат вкупно 6 меѓународни центри за обука. Обука, на стратегиско, на оперативно и на тактичко ниво, во Центарот имаат завршено повеќе од 17.500 воен и цивилен персонал од стотина земји.

М.С.



Процентот од бруто-домашниот производ (БДП) кој Турција го издвојува за одбраната последните 8 години е во рамките од 1,4% или 12 милијарди US$ (во 2015 г.) до 1,68% или 15,2 милијарди US$ (во 2018г.). Тој процент во периодот од 1995–2000г. изнесувал дури 3,2%. Најголемиот процент од армискиот буџет се троши на персоналот – 58% во 2016г. до 45% во 2018г. За опремување и модернизација се издвојувало до 25% до 2016 г. , од кога тој процент ја преминува границата од 30%

# СТРАТЕГИСКИОТ КОНЦЕПТ НА АЛИЈАНСАТА ОД 2010 ГОДИНА




Неполни две години од донесувањето на Стратегискиот концепт на Алијансата од 1999 година, светот се соочи со терористичките напади во САД на 11 септември 2001 година. Тие придонесоа НАТО за прв пат во својата историја да се повика на членот 5 од Вашингтонскиот договор преку помош на САД во борбата против тероризмот. Истата година НАТО ја започна својата борба против тероризмот во Авганистан, а една година подоцна и против Ирак

Почетокот на борбата против тероризмот отвори низа дилеми пред Алијансата. Размислувањето и дискусиите се движеа во повеќе насоки: дали Алијансата е подготвена за една ваква војна, дали може да ја одбрани безбедноста на своите членки и слично. Адекватниот пристап кон разрешување на посочените и други дилеми, како и историското проширување на НАТО со земјите од Централна и Источна Европа и Балтикот се наметнаа како централно прашање за спроведување на радикална трансформација на Алијансата и подготовка на нов сеопфатен стратегиски концепт. Во прилог на ваквиот приод одеше и сè поголемиот предизвик од пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и средствата за негова испорака и можноста за негова евентуална употреба во терористички цели. Справувањето со современите асиментрични закани наметнуваше потреба и од развој на нови оперативни капацитети и способности во одделни области на дејствување. На тоа дополнително се надоврза и барањето на партнерите за членство во Алијансата, како и утврдување на улогата на новата партнерска политика на НАТО кон Русија, Украина, Грузија, кон глобалните партнери, кон Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка, но и кон работите поврзани со стратегиското партнерство со ЕУ. Меѓутоа, ширењето на НАТО кон просторите од поранешниот Советски Сојуз, за кои Русија сметаше дека се од стратегиски интерес за нив, предизвика негодување кај политички и економски рехабилитираната Русија. Приемот на балтичките држави во Алијансата, надоврзано со плановите





за прием во блиска иднина и на Украина и Грузија, придонесе Русија повторно да ја демонстрира својата моќ кон овие простори. Тоа беше проследено со економски и енергетски мерки, во „најлош“ момент за земјите од Европа. Многумина сметаат дека тоа претставуваше „почеток“ на економската криза од 2009 година. На Алијансата ѝ беше неопходна демонстрација на решителност во постапките, слично како од периодот на Студената војна. Но, преовладувањето на различни ставови помеѓу традиционалните европски партнери и САД околу иднината на Алијансата, меѓу другото, предизвика да се стави под знак прашалник и одлучноста за потребата од акција против Русија. Впрочем, отсуството на решителност беше една од основните причини поради која САД и НАТО не успеаја да се договорат околу одговорот на воената интервенција на Русија во Грузија. Овие дилеми побараа брз одговор од НАТО. Делумни решенија, како одговор од страна на лидерите на НАТО, беа понудени во документите од самитите на Алијансата. Овие промени, беа групирани во пет главни области: во однос на членството на Алијансата; реформи во цивилните и во воените структури на НАТО; прифаќање на нови улоги; развој на нови капацитети, и промовирање на нови односи.

Во посочените услови на неизвесност, членките на НАТО решија да ги воспостават Силите за одговор, со цел да ги употребуваат насекаде онаму каде што тие се неопходни. Притоа, се издвојуваат три елементи, кои самите по себе претставуваат составен дел на еволуцијата на евроатлантизмот. Првиот елемент е воспоставувањето на безбедносното партнерство. Вториот елемент е употребата на сила во управувањето и стабилизацијата на кризите и тоа најнапред на Балканот, а потоа и во Централна Азија. Третиот елемент е реструктуирањето на силите кои произлегоа од Студената војна.

Во ноември 2010 година во Лисабон, НАТО го усвои седмиот по ред стратегиски концепт насловен како „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Северноатлантската договорна организација“ Во Концептот, главно, се имплементирани досегашните искуства и научените лекции на НАТО од учеството во операциите, но и идните ангажмани. Всушност, доминира сеопфатен пристап на Алијансата кон одговорот на кризите, што вклучува политички, цивилни и воени инструменти, инструменти кои се од посебен интерес за иднината на НАТО. Во Концептот се посочени целите и фундаменталните задачи на НАТО како „продукт“ на главните постулати на стратегиската околина, се прикажува новиот пристап и улога на НАТО во зачувувањето на безбедноста и се утврдени понатамошните насоки за развојот на воените капацитети и способности. Преку имплементација на решенијата од овој Концепт, НАТО планира да ја обезбеди водечката улога во зачувувањето на безбедноста и мирот во меѓународната заедница, преку развој на воените способности и капацитети и обезбедување на долгорочна економска и финансиска поддршка на своите мисии. Новиот Стратегиски концепт на Алијансата претставува и нов Акционен план со кој НАТО смета дека ќе стане поефикасен. Концептот содржи десет сегменти под наслов: Вовед; Определување

Во ноември 2010 година во Лисабон, НАТО го усвои седмиот по ред стратегиски концепт насловен како „Активен ангажман, модерна одбрана: Стратегиски концепт за одбрана и безбедност на членките на Северноатлантската договорна организација“. Во овој Концепт, главно, се имплементирани досегашните искуства и научените лекции на НАТО од учеството во операциите, но и идните ангажмани

> И во овој стратегиски концепт НАТО ја задржува политиката за унапредување на меѓународната безбедност преку соработка во контролата на вооружувањето, разоружувањето и непролиферацијата на оружјето за масовно уништување и нуклеарното оружје со неговите средства за испорака

на суштинските задачи и принципи; Процена на безбедносната околина; Одбрана и одвраќање; Безбедност преку кризниот менаџмент; Промовирање на меѓународната безбедност преку соработка; Контрола на вооружувањето, разоружување и непролиферација; Политика на „отворена врата“ – партнерска политика; Процес на реформи и трансформација и Визија за Алијансата во 21 век.
Во воведниот дел се потенцира дека „овој стратегиски концепт ќе нè води во следната фаза од еволуцијата на НАТО, кој продолжува да биде ефективен во променливиот свет, против новите закани со нови способности и партнери“. Притоа на партнерите им се нуди зголемен ангажман, не само во придонесот во операциите предводени од НАТО, туку и во работата на структурите и воените команди на Алијансата. Своите мисии за заштита на мирот, безбедноста и стабилноста во променливиот свет, НАТО планира да ги реализира со одбрана на земјите-членки и промоција на заедничките и споделени вредности, со распоредување на робусни сили каде што ќе биде побарано и каде што има потреба, во соработка и со партнерите. Во однос на политиката на суштинските задачи и принципи на Алијансата, се наведува дека тие произлегуваат од принципите од Вашингтонскиот договор од 1949 година. Меѓутоа, современата безбедносна околина и променливите закани бараат и посеопфатен пристап во зачувувањето на безбедноста, стабилноста и мирот на земјите-членки и на меѓународната заедница. Својот фокус НАТО го става на исполнувањето на следните суштински задачи во согласност со меѓународното право: колективната одбрана, која НАТО ќе ја остварува во согласност со член 5 од Вашингтонскиот договор; кризен менаџмент. НАТО располага со уникатен и робустен сет на политички и воени капацитети и способности за изведување и справување со операциите од кризниот менаџмент, пред појавата, за време или после појавата на кризата. Единствено што му недостасува на НАТО е располагањето со сопствени економски и финансиски ресурси; кооперативна безбедност. Оваа задача е новина за НАТО и истата ќе се реализира преку активно ангажирање во унапредувањето на меѓународната безбедност, преку проширување на партнерствата со релевантните земји и меѓународните организации, со активен придонес во контролата на вооружување, разоружување и непролиферација и продолжување на политиката на отворена врата за нови членки. Исполнувањето на овие суштински задачи би било поддржано со континуиран процес на трансформација, модернизација и реформи на Алијансата. Една од визиите и перспективите на НАТО е градењето на единствена колективна безбедност, од Ванкувер до Владивосток, како и поширока соработка со Русија.
Во однос на процената на безбедносната околина и на безбедносните предизвици и ризици, НАТО поаѓа од главната премиса дека „во Евроатлантската област, опасноста од конвенционална војна против НАТО е ниска, но истата не може во потполност да се игнорира.“ Новата безбедносна околина е дефинирана како еволуирачки сет на закани. Централно место зазема борбата против тероризмот и верскиот екстремизам, но значење им се придава и на безбедносните предизвици и закани како што се пролиферацијата на нуклераното оружје и оружјето за масовно уништување и на средствата за негова испорака, појавата на нестабилност или конфликт надвор од границите на НАТО, банкрот на државите, сајбер-напади, на енергетската



зависност, пиратеријата и климатските промени. Политиката за одбрана на територијата на земјите-членки и одвраќањето на намерите за агресија, останува суштинска задача на Алијансата и понатаму, како во претходните концепти, односно потпирање на членот 5 од Вашингтонскиот договор за колективна одбрана, при што НАТО само ги модернизира начините на одбрана од новите закани за безбедноста. Во однос на одвраќањето, Алијансата предвидува да се потпира и да одржува соодветна „мешавина“ на конвенционални капацитети и способности, ракетно-одбранбени сили и нуклеарни потенцијали. Притоа, нуклеарните потенцијали на САД, на Франција и на Обединетото Кралство, се интегрален дел и клучен елемент на одвраќањето и вооружувањето, разоружувањето и непролиферацијата на оружјето за масовно уништување и нуклеарното оружје со неговите средства за испорака. Целта е да се создаде свет без нуклеарно оружје и транспарентен пристап кон конвенционалното вооружување. Ова треба да обезбеди постабилен и побезбеден свет за живеење. Во основа, тоа е визијата на Обама – создавање свет без атомско оружје но, НАТО, сепак, останува нуклеарна сила. Визијата на Обама подразбира НАТО да ги спознае сопствените граници на нуклерното вооружување, а САД да го повлечат своето нуклеарно оружје од Европа. Во поддршка на суштинските задачи, НАТО и понатаму останува отворен за прием на нови земји-членки кои ќе развој на автентичното партнерство со Русија. Тоа подразбира исчезнување на линиите на поделба и различното ниво на безбедност. Особено за НАТО, важно е да се воспостави зајакната соработка со Русија во делот на антиракетниот штит преку вистинско партнерство. Насоките за реформа и трансформација на Алијансата се очекува да обезбедат надминување на недостатокот на финансиски, воени и човечки ресурси кои се потребни за изведување на операциите. Со нивната имплементација се предвидува максимално распоредливи капацитети и нивна одржливост во операциите, обезбедување висока кохерентност во одбранбеното планирање во согласност со Концептот за „паметна одбрана“, да се развиваат здружени

Проширувањето и продлабочувањето на партнерската политика на НАТО игра централна улога во Концептот и во реализацијата на суштинските задачи. Со понудените концептуални решенија, НАТО сè повеќе ги отвора своите политички и воени структури кон партнерите и се обидува да ја продлабочи соработката и во сферата на политички консултации и во доменот на носењето на одлуки за областите од заемен интерес



колективната одбрана. Сè додека постои нуклеарното оружје, НАТО ќе остане нуклеарна сила.

Остварувањето на безбедноста преку кризниот менаџмент се заснова на премисата дека конфликтите и кризите надвор од територијата на Алијансата можат да претставуваат директна закана за безбедноста на Алијансата. Тоа го покажуваат и научените лекции од ангажманот на НАТО во Авганистан и во Западен Балкан. Во изведувањето на овие операции ќе се користи сеопфатниот пристап на примена на политички, воени и цивилни механизми. Оваа политика НАТО планира да ја спроведе преку унапредување на разузнавачките капацитети и способности, понатамошниот развој на воените капацитети и способности, развој на способности за обука на локалните сили во кризните подрачја и преку зајакната соработка и консултации со партнерите.

И во овој концепт НАТО ја задржува политиката за унапредување на меѓународната безбедност преку соработка во контролата на ги исполнат неопходните критериуми. Според претставниците на НАТО, многу важни остануваат партнерствата со државите кои ги делат интересите за безбедност па, оттука, мошне важно е и проширувањето на Алијансата. Приемот на нови членки ќе придонесе за зацврстување на трансатлантската врска и консолидирање на Европа, но и за остварување на визијата за целосна Европа, слободна, и во мир.

Проширувањето и продлабочувањето на партнерската политика на НАТО игра централна улога во овој концепт и во реализацијата на суштинските задачи. Со понудените концептуални решенија, НАТО сè повеќе ги отвора своите политички и воени структури кон партнерите и се обидува да ја продлабочи соработката и во сферата на политички консултации и во доменот на носењето на одлуки за областите од заемен интерес. Во тој контекст, предложен е нов формат за соработка, консултации и политички дијалог – Северноатлантскиот совет плус земјата-партнер. Притоа, од посебен интерес е оперативни капацитети со почитување на солидарноста, да се зајакнат заедничките капацитети и да се продолжи со процесот на трансформација. Притоа, предвидено е намалување на комитетите, но не на повеќе од 100, проследено со намалување на командите за 35% персонал и околу 5 000 позиции. Ова треба да овозможи нова организација и нови релации со националните штабови, врз регионална и географска основа и врз структурно-организациска основа, која ќе обезбеди најдобро донесување на одлуки. Ваквата реорганизација и трансформација на Алијансата треба да биде поткрепена со најмалку 1,6% издвојувања од БДП на сите земји-членки. Овие финансиски ресурси би биле доволни за одржување и унапредување на веќе постојните воени капацитети и способности. Имплементацијата на предложените концептуални решенија во овој стратегиски концепт треба да направат од НАТО алијанса која е подготвена за 21 век.

д-р Игор Ѓорески



# Симулациска вежба „Joint Reaction – 19”

Вежбата **„Joint Reaction – 19”** беше осмислена и реализирана како комбинација на командна (CPX), компјутерски асистирана (CAX) и теренска вежба (FX). Првите две компоненти од вежбата се одвиваа во гарнизонот „Скендер бег“ во Тирана, додека теренската се одвиваше во поширокиот реон на градот Fushe Kruje. „Joint Reaction – 19“ е втора вежба од областа на сеопфатен одговор при катастрофи, организирана во рамките на САД –Јадранската повелба (А5-иницијативата), на која учествуваа Р. Северна Македонија, Р. Албанија, Р. Црна Гора, Р. Босна и Херцеговина, Р. Хрватска, Република Косово, САД (Националната гарда на Њу Џерси) и претставници од NATO-EADRCC центарот. Концептот на вежбата повика на силен земјотрес во централна Албанија (афектирана област), за што беше потребен сеопфатен регионален одговор, што овозможи, регионалните партнери во соодветно време да донесат и да преземат суштински одлуки кои се потребни во фазата на одговор во циклусот на менаџирање со итни/кризни ситуации. Учесниците на вежбата ги планираа и ги спроведуваа одлуките и активностите во предвиденото реално време, користејќи изграден систем на симулации. При менаџирање

> Меѓународната вежба „Joint Reaction – 19“ се одржа во периодот од 21 до 24.10.2019 година во Република Албанија. Вежбата претставува резултат на претходно осмислен планирачки процес во делот на цивилно-военото планирање за справување со кризни состојби

со процесот на барање и давање меѓународна/регионална помош се користеа процедурите на NATO-EADRCC (Euro Atlantic Disaster Response Coordination Center) центарот за координација. Главните цели на вежбата беа: подобрување на способностите и на националната и на регионална соработка меѓу земјите-членки на САД – Јадранската Повелба (А5), за навремено и ефикасно распоредување сили и средства за спасување во погодениот регионот; во целиот регион да се задржи



сеопфатен одговор и зајакнување на врските меѓу регионалните, националните и локалните власти, како и помеѓу владините, невладините и другите организации; тестирање, приспособување и подобрување на процедурите за одговор при итни состојби и подобрување на аранжманот помеѓу партнерските земји, со цел да се идентификуваат и да се пополнат празнините кои ги инхибираат колективните капацитети, брзо да одговорат на заедничките закани и опасности; тестирање на оперативните капацитети за одговор на итни/кризни ситуации; размена на искуства помеѓу учесниците; имплементација на процесот на научени лекции во согласност со менаџментот за одговор на катастрофи.
За време на вежбата, активностите се одвиваа според предвиденото сценарио преку листата на настани, инциденти и супозиции, развиени во текот на планирачкиот процес од страна на Оперативната работна група. Македонскиот тим беше поделен во две организациски ќелии. Едната ќелија, која беше составена од четворица претставници (МО,

Комуникацијата помеѓу учесниците (вертикална и хоризонтална) за време на вежбата се одвиваше според предвидената структура на вежбата.
Во текот на реализација на вежбата, на 23.10.2019 година во земјата-домаќин се организираше Ден за високи гости за сите земји-учеснички на вежбата. Високите гости се запознаа со организацијата, структурата и сценариото на вежбата и со актуелната состојба. Тие, исто така, присуствуваа и на теренскиот дел на вежбата кој се одржуваше во реонот на Fushe Kruje. На сите средби беше истакнато посебното значење од организација и спроведување на ваков тип на вежби преку кои ќе се зголеми соработката и интероперабилноста помеѓу земјите од регионот на Балканскиот Полуостров за навремено и ефективно ангажирање и развивање на сили и средства за спасување, кога тие се погодени од катастрофи и кога е потребно да се преземе сеопфатна регионална акција.
Од извршената првична анализа, значајни придобивки од вежбата се следниве: проверка на процедурите и договорите, преку планирање, координација и изведување на движење на единиците и средствата

постигнување на сеопфатен пристап и идентификација на слабостите и недостатоците во процесот кои треба да се отстранат во идните дејства и обука и подобрување на работната способност на ангажираниот персонал преку симулација, справување со последиците од идни елементарни непогоди слични на сценариото на вежбата.
Како препорака од предметната вежбовна активност се јавува потреба од потпишување на билатерални, односно мултилатерални договори во рамките на земјите-членки од А5-иницијативата, во случај на менаџирање со итни/кризни состојби, слични на онаа од сценариото на вежбата, за да постои соодветна правна рамка со која би се скратило времето на реакција, од моментот на катастрофата до моментот кога капацитетите и способностите на земјите за помош и асистенција од регионот и би биле практично ангажирани на местото на погоденото подрачје. Со ваквите договори, голем дел од административните прашања кои дополнително одземаат време ќе бидат навремено решени и ќе се обезбеди непречен транзит преку



АРСМ, ЦУК и ДЗС), имаше улога да воспостави директна комуникација и координација на активностите со националниот центар за операции на Р. Албанија и издаваше соодветни насоки и задачи на втората ќелија, која беше составена од шест претставници (пет од АРСМ и еден од ДЗС). Втората ќелија стационирана во центарот за симулации, проигруваше управување со декларираните единици преку изграден систем за симулации, според добиените насоки и задачи од координативната ќелија.

за асистенција, од земјите од А5-иницијативата до погодениот регион и идентификување на евентуалните слабости и потреби за подобрување на истите; оспособување на учесниците во обезбедување поддршка при хуманитарна асистенција, отстранување на последиците од елементарни непогоди и цивилно-воена соработка во согласност со потребите на погодената нација; одржување на врски и координација со сите вклучени субјекти (национални, регионални и меѓународни), со цел

територијата на државите и ќе се обезбеди подобра комуникација и координација помеѓу засегнатите субјекти за време на реакцијата.
На крајот од вежбата, врз основа на првичните импресии од страна на сите инволвирани субјекти во планирачкиот процес и реализацијата, беше констатирано дека вежбата заврши со голем успех и дека во потполност се остварени поставените тренинг-цели.

д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски

# Безбедносни предизвици и ризици



Асоцијацијата на здруженија од сферата на безбедноста, одбраната и меѓународните односи, на 24. октомври 2019 година во Домот на АРМ во Скопје организираше панел дискусија на тема: „Периодот пред нас – време на безбедносни предизвици и неопходни чекори“ во која учествуваа познати експерти и аналитичари од оваа организација. Панел-сесијата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста (ЗВРОБ), генералот во пензија Филип Котели, а воведно излагање за актуелните безбедносни предизвици имаше д-р Благоја Марковски, претседател на Балканскиот форум за безбедност. Свои осврти на актуелните збиднувања и влијанија врз безбедносната состојба во Република Северна Македонија дадоа: професорот д-р Трајан Гоцевски, поранешен министер за одбрана и актуелен член на Националниот совет за одбрана, дипломатот Перун Јорганкиевски од Клубот на дипломати во Скопје, генералот на АРСМ, проф. д-р Методи Хаџи-Јанев, од Клубот на генерали, полковникот во пензија, проф. д-р Темелко Ристески од ЗВРОБ и БСФ и д-р Весна Поповска од Меѓународниот универзитет „Визион“. Панел-дискусијата предизвика голем интерес кај присутните граѓани и членови на Асоцијацијата, а во расправата активно учествуваа: генералот во пензија Туши

Организирањето панел-дискусија на тема: „Периодот пред нас – време на безбедносни предизвици и неопходни чекори“,
имаше цел да се разгледаат актуелните политичко-безбедносни состојби во Република Северна Македонија и да се расветлат фактите и причинско-последичната поврзаност на настаните со развојните можности и глобалните, регионалните и внатрешните перспективи на безбедносните предизвици и движења



Зехедин, амбасадорот и претседател на Клубот на дипломати Виктор Габер и полковникот во пензија Стјепан Паздријан.
Во воведното излагање д-р Благоја Марковски истакна дека во остварувањето на надворешнополитичките стратешки цели, Република Северна Македонија, по оној од 2008 година, го доживеа и својот „втор Букурешт“, олицетворен во брiselското вето, односно не добивањето датум за преговори со ЕУ. Но, сега, таков е впечатокот, разочарувањето е и поголемо, затоа што овој е поопасен од оној првиот. Во 2008 година барем имавме јасна насока каде е излезот – ни беше кажано: во решавањето на спорот за името. Овојпат тешко може да се процени што ќе се случува со политиката на проширување на ЕУ. Оттука, и последиците се повеќеслојни, тие можат да бидат дестабилизирачки, да предизвикаат внатрешни појави на национализам и радикализам, да ги зајакнат антиевропските сили, но и да создадат последици по развојот, безбедноста и мирот во Македонија и во регионот.
Во контекст на ова укажување беа посочени повеќе примери на ретроградно размислување и однесување на политичките опоненти на власта на кои им беше добредојдена ваквата состојба за афирмирање и подобро позиционирање на политичката сцена, особено сега, по закажувањето предвремени парламентарни избори во 2020 година. Покрај внатрешните правно-политички и други проблеми, главно поврзани со економската состојба, се појави интерес и на некои надворешни фактори, со влијание за пренасочување на РСМ кон Евроазиската економска унија, што е опасен предзнак за предизвикување политичко-безбедносна криза во регионот со несогледиви последици.
Сеопфатен приказ на влијанијата од надворешни и внатрешни фактори врз безбедносната состојба на Република Северна Македонија, со анализа на теоретски и практични аспекти за нејзино подобрување или влошување даде професорот д-р Трајан Гоцевски. Од четирите дефинирани состојби (добра, стабилна, нестабилна и непредвидлива) , безбедносната состојба во РСМ тој ја оцени како стабилна, иако е можно некои неочекувани влијанија да ја нарушат, и истата брзо да се промени, дури и да премине во непредвидлива, како што имавме пример со познатите протести и  насилниот упад во Собранието на РСМ на 27 април, кога беше загрозена безбедноста на пратениците. За среќа, по не добивањето датум за преговори со ЕУ на Самитот во Брисел, на неодамнешната лидерска средба, водечките политички структури консензуално се изјаснија и ја потврдија заедничката евроатлантска определба, со што се отфрли размислувањето за насочување и поврзување на земјата со Евроазиската економска унија и се создаде гаранција за сигурна безбедност и стабилност на земјата.
Укажувајќи на новите предизвици и можните појави и влијанија врз сигурноста и безбедноста на РСМ, со презентирање на идеи, опции и конкретни заклучоци, учесниците во панел-дискусијата дадоа придонес кон афирмирањето на општите утврдени безбедносни вредности и укажаа на најефикасните начини за воспоставување на безбедна и политички стабилна средина во Република Северна Македонија и во регионот. Со нивните размислувања и ставови за актуелните политичко-безбедносни состојби, беа расветлени фактите и причинско-последичната поврзаност на настаните во контекст на нашите развојни можности и глобалните, регионалните и внатрешните перспективи за безбедносните предизвици и движења. Исто така, беа разгледани и анализирани новите димензии на предизвиците и заканите во глобални размери и движења, како и современите манифестации на ризиците и заканите по безбедноста. Особено беше даден осврт на актуелните политичко-безбедносни







состојби и на новата геостратегиска и геополитичка реалност, поврзана со кандидатурата за пристапните преговори со ЕУ и со членството во НАТО на Република Северна Македонија. Стана збор и за неопходноста од соработка, интеракција и изградба на национален систем за безбедност и одбрана во коалиционен формат, со интегрирање на Република Македонија во Европската унија и НАТО, како и можностите за создавање и изградба на стратегиски партнерства во контекст на безбедноста на регионално и на глобално ниво.
Анализите и укажувањата на експертите од Асоцијацијата на здруженија од сферата на безбедноста, одбраната и меѓународните односи, главно протекоа во расправа на учесниците со размена на мислења и нови сознанија од областа на безбедноста и согледувања на сите аспекти за можно нарушување и загрозување. Ваквиот студиозен пристап и придонес за успешно справување со безбедносните предизвици, асиметрични закани и загрозувања на безбедноста на РСМ, остана забележан само од присутните граѓани и членови на Асоцијацијата, без водечките претставници од најодговорните општествени структури за следење на оваа проблематика, иако навремено беа поканети. За волја на вистината, преку медиумската покриеност и материјалот од излагањата на учесниците, тие ќе бидат информирани за укажувањата на експертите и потребата од постојана будност, анализа и навремено преземање мерки за справување со безбедносните предизвици и обезбедување стабилна политичко-безбедносна состојба во државата.

Мендо Димовски



# СИГУРНОСТ ВО БРОЈНОСТА

Денешното војувалиште станува сè посложено како резултат на најновите политички, економски, технолошки, културни и општествени промени во светот. Поврзаноста и зависноста меѓу државите на глобално ниво имаат големо влијание врз перцепцијата на војната и војувањето. Тоа што не е променето се трите најстари причини за војна: интересот, стравот и честа

Стравот е една од најсилните емоции, основен елемент на инстинктот за преживување. Отстранување на заканата насочена кон своето потомство е во генетскиот код на сите посложени организми. Во природата ретко има животно кое не реагира агресивно доколку младите му се загрозени.
Во општеството луѓето, групите, нациите и државите се организираат, подготвуваат и водат војни, пред се заради перцепцијата дека во прашање е нивниот опстанок. Стравот е движечката сила што ги мотивира луѓето да се жртвуваат себе си во војна со цел обезбедување на сигурен опстанок на идните поколенија. Но, низ историјата на војувањето, луѓето сфатиле дека постои поголема сигурност во бројноста. Затоа отсекогаш се сметало дека многу е подобро во војна да се најдат сојузници. Столбот на здружената војна често бил стравот дека непријателот ќе ја наметне неговата волја на сметка на губење на сопствениот начин на живот. Постоењето на заеднички страв подразбира усогласување на интересите меѓу сојузниците против заеднички противник.
Денес современите држави тргнуваат од претпоставката дека доколку светот не е безбеден за демократијата, нема да биде безбеден ниту за нив. Како главна закана за западните вредности, тие ги имаат идентификувано тоталитарните режими, теократиите и пропаднатите држави од каде може да се прелее нестабилност во остатокот од светот. Стравот од нив како извор на кризи е една од причините за демократските општества здружено да влијаат на глобалната безбедност. Во поново време, главен предизвик за западната култура и вредности е современиот тероризам. Групи и организации ширум светот






развојот во исто опкружување и слични географско-историски услови, тие имаат сродна култура, вредности и перцепции. Речиси сите во минатото биле колонијални сили и со векови ја креирале светската политика. Тие имаат изградено политичка култура како светски лидери и карактеристична воена култура која се препознава како западен начин на војување. Тој е обликуван во западната воена доктрина како резултат на векови на меѓусебно војување, против надворешни противници со слична сила или против бунтовнички движења во колониите низ светот.

Западните демократии имаат тенденцијата да ја одржат стекнатата позицијата на глобални чувари на мирот. Иако ова се должи делумно на пост-колонијалната вина манифестирана како алтруизам кон државите во поранешните делови во светот, просечниот западен војник сѐ уште има потешкотии да го сфати менталитетот на „останатите“. Од друга страна, во војните кои се водат во земји со традиционална и источна култура се покажа дека луѓето се далеку поотпорни на насилство. Во изминатите две децении, бојното поле во кое оперираат западните војски беше и сѐ уште се наоѓа во и околу такво оперативно опкружување. Иако САД и НАТО постојано ја истакнуваат важноста на културата, до денес не успеаја во целост да ја сфатат нејзината суштина и навистина да го разберат менталитетот на луѓето кои се лишени од комфор.

Водечките нации на Запад се дизајнери на модерно војување. Тие имаат развиено соодветни воени култури засновани на нивната богата воена историја. Иако во минатото најчесто се бореле меѓу себе, концептот на здружена борба отсекогаш бил

директно го оспоруваат западниот модел на организација на општеството, економијата и безбедноста. Поради ова, националните политики на демократските држави, меѓу другото се насочени кон употреба на воената моќ со цел создавање на безбеден свет за концептите, вредностите и нормите кои ги поставиле. За да се постигне ова, пријателските демократски држави градат сојузи и коалиции за да може заеднички да инвестираат во глобалната безбедност. За западните лидери нема неважни партнери, бидејќи стратегијата која гарантира победа е потиснување на антизападните вредности, стабилизирање на нестабилните региони и ширење на демократијата преку зголемување на индексот на слобода низ светот. Земјите од Западна Европа се меѓу најразвиените во светот. Поради

Во изминатите триста години, во западната воена доктрина се вкорени фактот дека шансите за победа се далеку подобри доколку државите се борат заеднички. Денес, здружувањето во сојузи или коалиции се смета за основа на западниот начин на војување

сфери на влијание, сепак постои и вистинска одговорност кон глобалната безбедност. Главниот предизвик е што промовирање на повисоки културни вредности низ светот може да влијае истовремено и позитивно и негативно врз меѓународните односи. Сите не сакаат преку ноќ да го прифатат западниот начин на живот, а истовремено западните општества сѐ уште ги перципираат земјите во развој и источните култури како инфериорни - „Запад против останатите“. И покрај искуствата во меѓународни воени и невоени операции и присуство во разни присутен. Дури и во двете светски војни западните држави се судрија преку два спротивставени сојузи.

Во изминатите триста години, во западната воена доктрина се вкорени фактот дека шансите за победа се далеку подобри доколку државите се борат заеднички. Денес здружување во сојузи или коалиции се смета за основа на западниот начин на војување. Иако претежно ова го опфаќа конвенционалното војување, повеќето западни војски имаат богато искуство во неправилно војување стекнато против бунтовнички движења во



поранешните колонии. На прв поглед, се чини дека ова искуство е корисно бидејќи денешните безбедносни закани се претежно нерегуларни. Меѓутоа, последните војни покажаа дека искуствата на западните војски во неправилни војни од минатото во денешното оперативно опкружување не се целосно валидни. Денешните противници дејствуваат хибридно и вклучуваат повеќе пристапи не само неправилно војување, што е многу поразлично од времето на колонијалната ера.

Од друга страна, националните политики на помалите држави во здружена борба се засноваат на нивните национални стратегии да

Преку учество во здружени воени операции, малите држави инвестираат во својата внатрешна и непосредна регионална безбедност. Некои од нив се комплицирани држави, на пат да станат неуспешни држави ако не добијат доволно политичка, економска, па дури и воена поддршка



станат дел од западната култура, вредностите и перцепции. Во повеќе од овие земји, несомнено постои консензус дека интеграција со западните демократии е сигурен пат за постигнување на трајна стабилност и просперитет дома. Со цел да се изгради и зачува демократијата, помалите земји бараат безбедност во бројноста и заштита од поголемите пријатели. Стравот од несигурност на малите и проектирање на политиката светот да биде безбеден за демократијата на големите, прави безбедносна симбиоза, соработка од која двете страни имаат придобивки. Големите им даваат поддршка на малите, а тие за возврат ја прифаќаат нивната глобална безбедносна политика.

Постојат неколку можни стравувања кои ги поттикнуваат националните политики на малите држави да бараат соработка со големите партнери. Безбедноста на малите земји зависи од меѓународната поддршка, така што постои голем страв од губење на стратегиска поддршка. Преку учество во здружени воени операции, малите држави инвестираат во својата внатрешна и непосредна регионална безбедност. Некои од нив се комплицирани држави на пат да станат неуспешни држави ако не добијат доволно политичка, економска, па дури и воена поддршка. Многу од овие земји се или нови во демократијата или имаат внатрешни и надворешни безбедносни проблеми, така што самото учество во колективната безбедност им гарантира трајна стабилност. Мотивот да се определи национална политика преку учество (вклучително и воено) во колективната безбедност предводена

од големите партнери е поттикнат од стравот да се биде изолиран од меѓународна помош.
Во здружената борба еден од предизвиците е различноста на партнерите. Обично, помалите држави имаат поинакви историски воени искуства од поголемите. Нивните културни и политички перспективи се обликувани низ очите на лишени и угнетени. Повеќето мали држави низ историјата биле доминирани, окупирани или под влијание на други, помоќни држави. Добрата страна на ова е што векови на потчинетата положба ги има направено да бидат отпорни и жилави кога се соочуваат со потешкотии. Во исто време, тие имаат развино чувство на инфериорност, а со тоа и неопходна потреба да бараат заштита од поголем сојузник. Културолошки малите држави имаат менталитет на следбеници што постојано бараат менторство и водство од некој стратешки партнер.
Надоврзано на тоа, денешниот концепт на „Запад против останатите“ ги потсетува дека треба да учествуваат во глобалната безбедност. Скоро секоја мала земја во светот стравува дека може да го изгуби пријателството и заштитата од поголемиот сојузник.
Како најголем предизвик во заеднички операции е времетраењето на ангажирањето и националните ограничувања поради стравот од човечки загуби. Војски со помали капацитети имаат ограничени човечки и материјални ресурси и не може да го следат темпото на големите доколку операциите траат долго. Евентуалните загуби на боиштето влијаат сосема поинаку кај малите, отколку кај големите држави. Факторот ризик игра голема улога кај малите, бидејќи тој не е само воен туку и политички. Голем број на загуби може да доведе до кулминација и одлука за прекин на операциите.
Оперативно искуство на просечна мала држава речиси секогаш е од перспектива на жртва. Воената култура на малите е обликувана со менталитетот на некој кој се брани, бидејќи поголемиот дел од историјата биле во позиција да се бранат од окупациска сила. Малите држави секогаш биле инволвирани во војни кои се водени од големите сили. За разлика од искуствата на поголемите партнери, војните не ги започнувале тие, туку им биле наметнати. Во повеќето случаи, малите држави војувале за опстанок и слобода. Стравот од пораз пред посилен противник ја обликува националната стратегија да бараат сојуз и поддршка од помоќни пријатели.

> Малите држави нудат лојалност на сојузништвото и за возврат очекуваат политичка, економска и воена поддршка, особено доколку е под закана нивната внатрешна и регионална безбедност. Во некои случаи, да се стекне гаранција и поддршка од пријателите, е суштината на нивната национална стратегија

Историски гледано, речиси во сите случаи малите ги губеле војните бидејќи немале помош од силен сојузник.
И денес војските на малите држави немаат капацитети и способности самостојно да водат борба. Најчесто главен недостаток се воздухопловните капацитети како најскапи за одбраната.
Во денешното глобално војувалиште заканите се различни и комбинирани и може да се појават истовремено. Освен најголемите војски, никој нема моќ соодветно да одговори на сите закани одеднаш.
Ова е главната причина поради која малите држави ги интегрираат војските во колективниот систем за одбрана. Насочување на националните политики кон градење на партнерство со држави кои се помоќни е меѓу приоритетните национални интереси. Малите држави нудат лојалност на сојузништвото и за возврат очекуваат политичка, економска и воена поддршка, особено доколку е под закана нивната внатрешна и регионална безбедност. Во некои случаи, да се стекне гаранција и поддршка од пријателите е суштината на нивната национална стратегија.
Малите држави ги насочуваат своите политики за да обезбедат внимание и да се уверат дека стратешките партнери нема да изгубат интерес за нив. Скоро во сите случаи, внатрешната политика на малите држави ја поддржуваат идејата за распоредување на воени сили во здружени операции, како сигурна инвестиција за мир и безбедност дома.



Ѓорѓи Вељовски



Припадници од Армијата на Република Северна Македонија во Кина

# СЕДМИ CISM СВЕТСКИ ВОЕНИ ИГРИ







Седмите светски воени игри кои се одржаа во периодот од 18.10. до 27.10.2019 година, во главниот град на провинцијта Хубеи, Вухан, се уште еден показател дека НР Кина има капацитети и ресурси да се справи со сите предизвици за организација на најмасовните воени игри некогаш организирани. На овој настан  зедоа учество зедоа повеќе од 10.500 спортисти од 113 држави од целиот свет, беа ангажирани 125.000 волонтери за перфектна организација и реализација на игрите. На овој настан, дури пет спортови имаа свое деби, како што се бадмингтон, бокс во женска категорија, тенис и пинг-понг. Земјите-учеснички силите ги мереа на спортските арени во 25 официјални спортови и 2 демонстративни спортски настани. Игрите беа организирани од Воениот комитет на Кина, Министерството за одбрана на НР Кина и воените претставници на CISM. Двегодишните подготовки за церемонијата на свеченото отворање доволно кажува за идејата сè да биде „величествено“. Главното мото на игрите беше „Воена слава за мир во светот“.

Најтрофејни спортисти на 7. светски воени игри се претставниците на НР Кина, со вкупно освоени 239 медали, од кои 133 беа златни. За значењето на овој настан доволно зборува





присуството и поздравниот говор на претседателот на НР Кина, г. Си Џипинг.
Нашата делегација броеше 5 претставници во состав: мајор Игор Јакимовски, шеф на делегацијата и натпреварувач во дисциплината маратон, м-р Сашо Даневски, шеф на мисијата и тренер, поручник Жан Тосев, натпреварувач во дисциплините 5000 и 10.000 м, постар водник 1. класа Марија Пеликон, натпреварувач во дисциплината 1500 м и професионален војник Милош Ранчиќ, натпреварувач во дисциплините 5 000 и 10.000 м. Неколкумесечниот тренинг-процес, комплетно адаптиран за достигнување врвна форма за периодот на одржување на игрите и последните двенеделни подготовки во КОВ Охрид, придонесоа професионалниот војник Милош Ранчиќ да биде и најдобро пласиран натпреварувач од сите балкански земји во дисциплините на 5000 м со време 15мин 56сек и 10.000 м, со време од 32 мин 52секунди, што е воедно и нов армиски рекорд. Сите наши учесници достојно ја претстававија нашата земја и придонесоа гордо да се развиори нашето знаме меѓу знамињата на сите земји-учеснички.

М-р Сашо Даневски
Марија Пеликон



Воена свеченост по повод Денот на Инженерис

# Презентација на нови инженерис



На свеченоста по повод Денот на Инженерискиот баталјон присуствуваа заменикот на командантот на Командата за операции, началникот на штабот на 1. механизирана пешадиска бригада, команданти на единици на Армијата, поранешни команданти и вработени во Инженерискиот баталјон, претставници од цивилни фирми со кои соработува баталјонот и други гости. Кон присутните, со пригоден говор, се обрати командантот на Инженерискиот баталјон, потполковник Арбен Јакупи. Тој се осврна на минатото, свое место ќе заземе и Инженерискиот баталјон. Неговите припадници, на коишто тој е особено горд, ги извршуваат поставените задачи со исклучителна професионалност, посветеност и пожртвуваност. Не постои никакво сомневање дека инженерците и во иднина професионално и ефикасно ќе продолжат да се соочуваат со предизвиците на новото време. Трансформацијата на Армијата е започната. Таа носи промени, а една од нив е и модернизација на Армијата. Со тоа, тој ги најави модернизациите кои ќе следуваат во



## киот баталјон
# ки машини

Инженерискиот баталјон од составот на 1. механизирана пешадиска бригада при Командата за операции, со воена свеченост го одбележа Денот на единицата – 13 Ноември

на формирањето на Инженериската бригада на 13 Ноември 1944 година. Овој ден, со одлука на претседателот и врховен командант на вооружените сили, е одреден за Ден на Инженерискиот баталјон, баталјон којшто е носител на традициите на Инженериската бригада на Генералштабот на Народноослободителната војска и партизанските одреди. Ден за паметење, ден за гордеење, ден за почитување.
Во својот говор, командантот на Инженерискиот баталјон, нагласи дека во текот на изминатата година, и покрај фактот што тој се соочил со разни предизвици, биле реализирани повеќе вежби и активности во кои е даден максимумот за што подобри резултати и остварување на одлична соработка со сите вклучени страни во активностите.
Потоа следеше говорот на заменик-командантот на Командата за операции, бригадниот генерал Орце Јордев. Тој истакна дека во тек е ставање во функција на новата структура и формацијата на Армијата, каде како составен дел во неа Армијата, но и во Ижинерискиот баталјон, каде веќе и започнаа.
Наредниот ден, на 14.11.2019 година, Инженерискиот баталјон го посети министерката за одбрана, госпоѓата Радмила Шеќеринска. „Ова е еден од најубавите настани од кога сум на функцијата министерка за одбрана, беа нејзините почетни зборови при посетата на Баталјонот. Со набавката, која ќе заврши во текот на идната година, Инженериската единица ќе биде опремена за непречено да ги извршува своите задачи“. Таа нагласи дека е обезбедена опрема за Армијата, со која таа ќе може да направи повеќе за своите потреби и за своите граѓани. Опремата е современа, според стандардите на НАТО, која доликува за идното членство во НАТО.
На презентацијата на новите инженериски машини, командантот на Инженерискиот баталјон, потполковник Арбен Јакупи, истакна дека Инженерискиот баталјон повторно самиот ќе може да одговори на предизвиците кои ќе следат. Ќе се зголеми оперативната способност на единицата, со што ќе се даде инженериска поддршка на Командата и единиците на Армијата, на потребите за меѓународните активности, како и на потребите за помош на локалната самоуправа.
Инженерискиот баталјон последен пат има добиено две инженериски машини во 2003 година, а претходните поголеми набавки беа во 1997 година. Оттогаш, неговиот парк за технички средства не е обновен. Баталјонот се соочи со голема неисправност на средствата со кои единствено може да ги извршува своите задачи, во согласност со својата мисија. Една од мисиите на Инженерискиот баталјон е поддршка на локалната самоуправа за отстранување на последици од елементрни непогоди и природни катастрофи. Тој, со свои сили и средства, учествуваше во поплавите кои го погодија Радовишкиот регион во 2003 година, а наредните години и во општината Чешиново–Облешево, Струмичкиот регион и други места ширум државата. Се ангажираше и во поплавата во селата Шипковица, Порој, Доброште и Мала Речица, во општина Тетово во 2016 година. Тогаш тој изгради дрвен мост за потребите на месното население, целосно однесен од поплавата, а еден реконструираше. Подоцна ги минираше и ги уништи неколкуте карпи кои поплавата ги донесе над самото село, а кои, надвиснати над него, претставуваа закана за жителите и за материјалните добра.
Во големата поплава истата година, во Скопскиот регион, Инженерискиот баталјон, чија задача, заедно со другите единици на Армијата, беше санирање на последиците од елементарната непогода, учествуваше, главно, со жива сила, а техниката им беше од помош на јавните претпријатија и на инженериските единици на КФОР стационирани на Косово.
Целосната набавка на новите инженериски машини и самоистоварувачи (кипери), планирано е да заврши во првото тримесечје на идната година.
Кога пристигнува опремата започнаа и обуките за стручно оспособување и запознавање со новите инженериски машини од страна на набавувачите со професионалните војници-ракувачи.
Кога дообуката ќе заврши, ќе следат конкретни задачи кои Инженерискиот баталјон ќе ги извршува. Повторно ќе се извршуваат задачи за потребите на Армијата, како што се поправка и одржување на патишта, уредување на терени на армиските полигони и друго, ќе се помага локалната самоуправа и јавните претпријатија, превентивно ќе се чистат речните корита на поголемите реки и езерските крајбрежја и Баталјонот ќе учествува на меѓународни активности. Со еден збор, инженеријата повторно ќе се стави во целосна функција и ќе може непречено да ги извршува своите задачи во согласност со мисијата.

С.Ј.



Одбележана 75-годишнината од ослободувањето на Скопје

# Никогаш да не згасне споменот на нашите ослободители

Со повеќе пригодни содржини, на 13 Ноември беше одбележана 75-годишнината од ослободувањето на Скопје. Во знак на почит кон загинатите 398 борци за ослободувањето на главниот град, делегации на Собранието на Р. Северна Македонија, на Владата, на Министерството за одбрана, на Градскиот одбор на СЗБ од НОАВМ, на Советот на град Скопје, на Кабинетот на Претседателот на Р. Северна Македонија, на дипломатскиот кор, на политичките партии, општините на град Скопје, јавните претпријатија и културните установи на град Скопје, Организацијата на резервните офицери на Р. С. Македонија, Црвениот крст и граѓани на Скопје, положија свежо цвеќе на партизанските гробишта, на споменикот на генералот Михаило Апостолски на градските гробишта „Бутел“ и пред споменикот на ослободителите на Скопје. „Во ослободувањето на Скопје учествуваа повеќе бригади. Главниот товар го понесоа XII скопска и III кумановска бригада. Сериозна помош дадоа и XVI и VIII велешка, како и дваесетина диверзантски групи кои го деминираа Камениот мост, осуетувајќи го пеколниот план на окупаторот за рушење на еден значаен споменик на културата. Ослободувањето не дојде неочекувано, или како природен тек на поволни околности. Напротив, тоа дојде како плод на долгогодишна, тешка и упорна борба на целиот македонски народ, предводен од најнапредните негови сили.

Со ослободувањето на Скопје и на цела Македонија се исполни визионерската мисла на Димо Хаџи-Димов, искажана во 1923 г., на одбележувањето на 20-годишнината од Илинденското востание. „Македонија го имаше својот прв Илинден, проследен со крвави денови на пораз и тешки страдања четврт век. Таа ќе го има и својот втор Илинден и нова и сигурна бликска победа и ослободување. Овој втор Илинден е близок, тој доаѓа“, нагласи, меѓу другото, Трајко Стаматовски во своето обраќање. „Има ли поголема, повеличествена прослава од тоа да се чествува слободата?! Слободата, којашто ја извојувавте вие, ценети наши борци. Вие што ја жртвувате својата младост за ова што го живееме денес. Овој наш град го изгуби речиси целото свое еврејско население, а во текот на војната, животите ги загубиле 4.654 граѓани на Скопје, од кои 956 во борбите, а 3.698 како жртви на фаштистичкиот терор. Празникот 13. Ноември обврзува на почит и верност кон овој град за да не заборавиме колку е скапа слободата“, потсети градоначалникот Шилегов пред споменикот на ослободителите.

Ж.Т.





# Свечена заклетва








Во Командата за обука и доктрини во велешката касарна „Алексо Демниески-Бауман“, на 8 ноември свечена заклетва даде 39. генерација на млади војници на доброволно служење во Армијата. Во оваа генерација на тримесечна основна воена обука се 108 млади војници, меѓу кои и десет девојки

На свечениот чин на давање заклетва, освен командантот на КОД, бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев, беа и началникот на ГШ, генерал-мајорот Васко Ѓурчиновски и други генерали, заменик-министерот за одбрана, Беким Максути, државниот секретар во МО, Драган Николиќ, како и гости, родители роднини и пријатели на младите војници кои присуствуваа на овој свечен чин.
Свечено дадената заклетва на младите војници им ја честиташе заменик-министерот за одбрана, Беким Максути. „Сите вие доброволно го одбравте војничкиот позив и тоа е чин што ја заслужува нашата почит и поддршка. Обврска на секој граѓанин е да биде дел од одбраната на нашата земја, а вашиот чин е чин за пофалба“, потенцираше Максути. Тој ги информираше младите војници дека со реализација на оваа обука им се отвора можност да станат дел од професионалните војници на нашата армија и таму да ја градат својата кариера полна со предизвици, достигнувања на личен и на професионален план, својата кариера со голем број можности за обука, тренинг и едукација. Заменик-министерот за одбрана, Максути, им појасни дека во периодот што следува, во Командата за обука и доктрини во Центарот за индивидуална обука, искусни инструктори и командири ќе ги внесат и ќе им ги пренесат своите знаења и искуства во врска со војничката обука. Затоа, тој им порача да го искористат овој период, со цел да стекнат што поголеми знаења и искуства од оваа област, кои ќе им бидат од голема корист во нивната понатамошна војничка кариера.
„Нашата армија е препознатлива по својата разновидност, и токму затоа во неа има претставници од различна етничка и верска припадност.
Особено ме радува фактот што од година во година бројот на жени во Армијата се зголемува, со што се покажува дека оваа професија не препознава пол“, потенцираше Максути. Тој на нивните родители им порача да бидат горди на нив, а дека тие ќе сторат сè да им овозможат оваа професија да ја засакаат уште повеќе и да можат својата работна кариера да ја продолжат во редовите на Армијата. „На крај сакам да истакнам дека вие сте нашите идни бранители, нашите чувари на територијалниот суверенитет и интегритет, на нашата сувереност, и наши идни амбасадори на мирот во меѓународните операции.
Командантот на ЦИО, потполковник Мухамед Ибраими, им ја честиташе свечено дадената заклетва на младите војници кои едногласно ја повторуваа по него. Тие се заколнаа на верност кон татковината и Армијата. Тој ги информираше дека како млади војници во наредниот период при совладувањето на планираните содржини на обуката ќе се соочат со многубројни предизвици и дека за нивно успешно совладување, нивните старешини максимално ќе се залагаат за да им ги пренесат потребните знаења и вештини. „Со вашето совесно и дисциплинирано однесување треба да придонесете во градењето цврсти меѓучовечки односи. Различноста и традицијата е нашето богатство, кое нè одржува заедно со векови и кое треба да се почитува и да се негува“, порача Ибраими. Тој ги информираше дека целокупниот нивен труд, успех и ангажирање, ќе бидат вреднувани. Тоа ќе биде еден од елементите за понатамошна селекција, за оние кои сакаат да ја изберат својата идна професија како професионални војници и старешини во редовите на Армијата.
Потоа младите војници ја потпишуваа свечено дадената заклетва. Следеа честитки и прегратки од нивните горди и среќни родители, роднини и пријатели, кои се фотографираа со нив за спомен на овој свечен чин.

Антоанела Димитриевска




# Авион „Lockheed P-3 Orion“

Бројни морнарици и воздушни сили ширум светот продолжуваат да го користат авионот „Lockheed P-3 Orion“ за поморска патрола, извидување, антиповршинско војување и антиподморничко војување. Авионот е развиен за време на Студената војна, со примарна мисија да ги следи балистичките проектили на советската морнарица, како и да ги елиминира брзите напади на подморниците во случај на целосна војна. Со текот на годините авионот забележал повеќе развојни дизајни и варијанти, особено преку новите електронски пакети. Во 2012 година, овој тип се приклучил на неколку воени авиони, како на пример „Boeing B-52 Stratofortress“, „Boeing KC-135 Stratotanker“, „Lockheed C-130 Hercules“ и „Lockheed U-2“, кои доживеале над 50-годишна континуирана употреба од страна на вооружените сили на Соединетите Американски Држави. Како корисници на „Lockheed P-3 Orion“, покрај САД, се јавуваат: Чиле, Бразил, Канада, Пакистан, Холандија, Австралија, Германија, Грција, Иран, Јапонија, Нов Зеланд, Норвешка, Португалија, Јужна Кореја, Шпанија и Тајланд. Флотата „Lockheed P-3 Orion“ на американската морнарица се состои од дваесет и четири активни скvadрони, главно распоредени на Флорида и на Хаваите. Програмата „P-3 Mid-Life Upgrade Program“ за надградба е дел од понудите за одржување, како и економично решение за продолжување на работниот век на авионите. Се состои од комплет за продолжување кој ги заменува надворешните крила на авионите, долниот дел на централното крило и хоризонталниот стабилизатор со нови производни компоненти. Програмата ги отстранува сите тековни ограничувања на летот и обезбедува 15.000 дополнителни часови на летање. Дизајнот ги заменува сите структури кои го ограничуваат животниот век, со појава на замор на деловите, со компоненти на подобрен дизајн и нови подобрени материјали отпорни на корозија, кои во голема мерка ќе ги намалат трошоците во текот на преостанатиот век на оперирање со авионот.

Составот на екипажот варира во зависност од мисијата која ќе се реализира, варијантата што се управува и државата која го оперира овој воздухоплов. Во службата на морнарицата на САД, екипажот се состои од 11 до 12 членови, како на пример: водител на посадата, поморски пилоти, инженери, тактички координатор, радиооператор, навигатор и слично.



## Развој

Во август 1957 година, морнарицата на САД побарала предлози за замена на авионите „Lockheed P2V Neptune“ и „Martin P5M Marlin“ со понапреден авион за спроведување поморска патрола и противподморничко војување. Наредната, 1958 година, компанијата „Lockheed“ победила на тендерот, така што бил доделен првичен договор за истражување и развој. Првичните испораки на овој модел започнале во 1962 година.

Неговата употреба е широко распространета. На почетокот на 1964 година, распоредените авиони во Виетнам започнале да летаат на најразлични мисии од базите на Филипините и на Виетнам, со примарен фокус на крајбрежните патроли, за да се спречи обезбедувањето со материјали по морските линии на снабдување од страна на противничките сили. Кога на 2 август 1990 година, Ирак го нападнал Кувајт и бил подготвен да ја нападне и Саудиска Арабија, американските морнарички „P-3“ авиони се меѓу првите американски сили кои пристигнале во областа во рок од 48 часа по првичната инвазија. За неколку часови од почетокот на коалициската воздушна кампања, авионите откриле голем број ирачки патролни чамци и поморски бродови кои се обиделе да се прегрупираат. Во јануари 2011 година, американската морнарица го користела овој авион за пресретнување на „третата генерација“ подморници употребувани за криумчарење на дрога. Подоцна, шпанските воздушни сили го распоределе „P-3 Orion“ за да помогнат во меѓународните напори против пиратството во Сомалија.

Покрај воени варијанти, во употреба се и цивилни варијанти кои се употребуваат од страна на цивилните агенции за царинска и гранична заштита на САД, потоа специјално модифицирани авиони за истражување на ураганите од страна на Националната аеронаутичка и вселенска администрација (НАСА), како платформа за истражување на Земјата. Останатите се конфигурирани како воздушни танкери, изнајмени од американската служба за заштита од пожари во шуми.

## Карактеристики

Под предниот труп на авионот може да сместат конвенционални торпеда со ознака „Mark 50“ или „Mark 46“, односно специјално (нуклеарно) оружје. Овие торпеда се морнарички напредни лесни торпеда за употреба против брзо понирачки подморници. Дополнителни станици можат да носат и други конфигурации на вооружување, вклучувајќи ги и ракетите „AGM-84 Harpoon“, „AGM-84E SLAM“, „AGM-65 Maverick“ и други видови морски мини, наведувани проектили и гравитациски бомби. Авионот „Lockheed P-3 Orion“ е опремен со магнетски детектор (Magnetic Anomaly Detector) во продолжената опашка на авионот. Овој инструмент е во состојба да открие подморница во магнетното поле на Земјата. Ограничениот опсег на овој инструмент бара авионите да бидат во близина на подморницата, како и на мала надморска височина. Поради ова, првенствено се користи за означување на локацијата на подморницата, непосредно пред да се изведе напад со торпедо или со длабинска бомба.

Повеќе од 40 варијанти на авионот ја демонстрирале солидната сигурност прикажана од оваа платформа која вообичаено лета 12-часовни мисии, на височина од 60-тина метри над солена вода, со одлични безбедносни показатели. Едниот мотор на авионот е често исклучен (обично моторот бр. 1 – левиот надворешен мотор), за да се заштеди на потрошувачката на гориво,  за да се продолжи времето на летање и за да се зголеми долетот, а со елиминирањето на издувните гасови од моторот број 1, се подобрува видливоста од задната набудувачка станица од левата страна на авионот. Долгите мисии на погранична патрола можат да траат повеќе од 10 часа и може да вклучуваат и дополнителни членови на екипажот. Рекордно време на летање за „P-3 Orion“ е 21, 5 часа, реализирано од Кралските воени сили на Нов Зеланд во 1972 година. Поради ова, повремено, и двата мотори на авионот можат да се исклучат.

Драган Павловски



Со повеќе од 400 авиони ширум светот, управувани од 21 оператор во 17 земји, „Lockheed P-3 Orion“ и во денешни услови останува неверојатно добро приспособен воздухоплов за поморска патрола и поддршка. Класата на авионот развиен за морнарицата на САД и воведен во 1960-тите години, првенствено е наменет за противподморничко војување и поморски надзор во делот на магнетно откривање на подморниците

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 35,6 м |
| ВИСОЧИНА | 11,8 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ВОЗДУХОПЛОВ | 35.000 кг |
| КОРИСЕН ТОВАР | 26.400 кг |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 64.400 кг |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 750 км/час |
| ДОЛЕТ | 4.400 км |
| АВИОНИКА | Maritime Surveillance Radar, Inverse Synthetic Aperture Search Radar, IFF (Interrogation Friend or Foe), Advanced Imaging Multispectral Sensor, Multi-Mode Imaging System, Radar Warning Receiver, Specific Emitter Identification/Threat Warning, Sonar Tape Recorder,  Electronic Surveillance Receiver итн. |



# „NIMR“ Високомобилни тактички оклопни возила на тркала на Обединетите Арапски Емирати

Високомобилното тактичко оклопно возило на тркала „NIMR“ (арапски „ТИГАР“) е произведено од страна на групацијата „NIMR Automotive“, за вооружените сили на Обединетите Арапски Емирати. Компанијата „NIMR Automotive“ е заедничко вложување на државната компанија „Tawazun Holding“ (60%) и „Bin Jabr Group“ (40%), со седиште во Абу Даби. Армијата на Обединетите Арапски Емирати постави договор за 500 NIMR-возила на почетокот од 2005 година. Уште една нарачка во висина од 145,4 американски долари беше поставена за 1000 NIMR-високомобилни тактички возила на последниот ден од меѓународниот саем за одбрана „IDEX-International Defence Exhibition“ во февруари 2011 година. Министерството за внатрешни работи на ОАЕ направи нарачка за дополнителни 200 возила „NIMR“ во март 2012 година. Во февруари 2009 година, Либија потпиша договор со „Bin Jabr Group“ за набавка на 120 NIMR-возила 4x4 за либиските вооружени сили. До мај 2012 година беа порачани повеќе од 1.800 NIMR-возила од двете варијанти 4x4 и 6x6, од кои испорачани се повеќе од 510 возила. Семејството на оклопни возила „NIMR“ е направено во различни конфигурации за различни побарувања на бојното поле. Ваквите побарувања вклучуваат борбено управување, блиско ситуационо предупредување, извидување и надзор.

Главните варијанти вклучуваат оклопни командни возила 4x4, карго-возила со единечна кабина, оклопни транспортери

> NIMR-возилата се првите возила кои некогаш се дизајнирани според регионалните климатски услови на Блискиот Исток. Ова е една од причините што ова возило го привлече вниманието на многу потенцијални купувачи во регионот

6x6, повеќенаменски возила на тркала 6x6 со продолжена основа, оклопни патролни возила 6x6, возила со отвор на кровот (Open Top) 4x4, „Station Wagon 4x4“ и карго-возила 4x4 со двојна кабина.

## Развој на оклопните возила „NIMR“

Развојот на возилата „NIMR“ првично беше преземен од компанијата „EDT-Emirates Defence Technology“. Деталниот инжинеринг и прототипот на првото „NIMR1“ возило ги завршија инженерите од Индустриската компјутерска технологија, подружница на руската „ГАЗ - Го́рьковский автомоби́льный заво́д“. Понатамошниот развој на семејството на возила „NIMR“ 4x4 и 6x6 беше спроведен од страна на „Bin Jabr Group“. Првата серија од три прототипа беше заокружена во 2000 година. Производството продолжи во Јордан во „AIA Advanced Industries of Arabia“, основано од „ KADDB-King Abdullah II Design and Development Bureau“ и „Bin Jabr Group“.

Групацијата „Bin Jabr Group“ се здружи со „MBDA“ и „RDE Rheinmetall Defence Electronics“ за развој на „NIMRAD-NIMR Air Defence“ и „NIMRAT-NIMR Anti-Tank anti-armour/ anti-bunker возила базирани на NIMR 4x4 возилата. Возилото NIMRAD за првпат беше демонстрирано на меѓународниот саем за одбрана во 2007 година IDEX.

Фабриката е опремена со најсовремената автоматска машинерија и опрема. Таа е дизајнирана и опремена за производство на 1000 возила годишно, со дополнителна просторија за идно проширување.

Во февруари 2009 година компаниите во државна сопственост „Tawazun Holding“ и „Bin Jabr“ потпишаа меморандум за разбирање за основање на задничко вложување за развој на возилата „NIMR“. Новата компанија, која е наречена „NIMR Automotive“, управува со производствените капацитети на асортиманот на NIMR-возилата во Јордан. Тие планираат да ги преселат производствените капацитети од Јордан во индустрискиот парк „Tawazun“ во Абу Даби.

## Дизајнот на оклопните возила „NIMR“

Дизајнот на оклопните возила „NIMR“ вклучува композитен керамички оклоп. Модуларниот дизајн овозможува интеграција на модулите за поддршка на различни мисии. Оклопниот транспортер 6x6 може да пренесува до 12 војници. Дизајниран за оперирање на суровата пустинска клима на Блискиот Исток, возилата „NIMR“ поседуваат систем на ладење кој овозможува нивна употреба на

температури до 55°C.
NIMR-возилата се првите возила кои некогаш се дизајнирани според регионалните климатски услови на Блискиот Исток. Ова е една од причините што овие возила го привлекоа вниманието на многу потенцијални купувачи во регионот. Без сомнение, NIMR-возилата се сматаат за едни од најважните „парчиња инвентар“ во многу армии во регионот.
Ова возило не е ништо помалку од вистинско чудо. Истото се покажа како едно од најдобрите возила од овој вид, откако ги помина сите енергични тестови и испитувања. Основата на дизајнот на возилото е направена за опремување со сите системи и компоненти за да ги победи сите современи конкуренти во оваа категорија на возила.
Возилата „NIMR“ се опремени со електроника, електрооптика, управување со електрична енергија и комуникациски системи обезбедени од страна на „DRS Technologies“.
Платформата, исто така, може да биде интегрирана со електронски контрамерки и со стабилизирани системи за вооружување.
Опционалната опрема може да вклучува чекрк за самоизвлекување, систем за АБХ-заштита, GPS, ABS и универзален прстен за монтирање на вооружување.

## Самозаштита, мотор и подвижност на воениот возило

Оклопниот транспортер „NIMR“ е обезбеден со ниво 1 основна противминска заштита, како и со балистичка заштита. Возилото обезбедува заштита на екипажот од пешадиско вооружување до калибар 7,62 мм, рачни бомби, фрагменти од артилериски гранати и мали противпешадиски експлозивни направи. Може да биде опремено со дополнителен оклоп кој би обезбедувал поголема заштита, ниво 3 (противминска и балистичка), според STANAG 4569.
Специјалниот композитен керамички оклопен систем го заштитува возилото од најсмртоносните закани со оружје.
Оклопните возила „NIMR“ се напојуваат со шестцилиндричен турбо дизел-мотор „Cummins ISBe300 turbo 6.7l“, опремен со автоматска трансмисија „Allison S 3000“, со шест степени на пренос. Моторот испорачува моќност од 300 hp, соодносот сила и тежина е 23,4 hp/ton. Возилото е опремено со двојна независна суспензија преку пружините, која овозможува висок клиренс над површината на земјата.
Компанијата „Bin Jabr“ патентираше сопствен систем за надувување на гумите (CTIS-central tyre inflation system), кој овозможува возење по нерамни терени со голема удобност.
Возилото „NIMR“ може да совладува вертикална препрека од 50 cм и градиент од 60 %. Има максимална брзина на движење од над 130 км/ч и автономија на опсег од 800 км.

Возилото „NIMR“ може да совладува вертикална препрека од 50 см и градиент од 60 %. Има максимална брзина на движење од над 130 км/ч и автономија на опсег од 800 км. Ниту едно возило во оваа категорија не нуди толку голема моќност и вртежен момент колку што нуди NIMR-возилото

Ниту едно возило во оваа категорија не нуди толку голема моќност и вртежен момент колку што нуди NIMR возилото.
Неверојатниот клиренс од тлото на земјата и големите тркала, опремени со патентираниот CTIS на компанијата „Bin Jabr“ овозможува ова возило дури и најтешките терени (cross country) да ги совлада со најмала леснотија. NIMR возилото се искачува 100 % градиент, каде што ниту едно друго возило не може.
Системот за ладење со исклучително големи радијатори посебно е дизајниран за најлошите временски услови во ОАЕ.
Сите осовини на погонот и погонските вратила се со константни брзини, што му овозможува на возилото управување без вибрации при големи брзини на автопатиштата.
Возилата се транспортабилни, со воен транспортен авион „Hercules C130“.
Карактеристики и спецификации на 4×4 NIMR: должина: 4,815 метри; широчина: 2,2 метри;висина: 1,95 метри; тежина 6,7 тони; посада: 2 + 6; вооружување: систем-вооружување според спецификации на купувачите; мотор: „Cummins ISBe300 turbo 6.7l 6-cylinder diesel“; суспензија: „Independent suspension Allison S 3000“; оперативен дострел: 800 км; максимална брзина: 135 км/ч.
Оператори на NIMR-возилата се ОАЕ, Јордан, Алжир, Либан, Туркменистан, Либија и Јемен.
„NIMR Automotive“ се приспособи на побарувањата на воените и внатрешните безбедносни сили во современото конфликтно опкружување кое многу брзо се менува. За релативно кратко време станаа водечки производител на воени возила на Блискиот Исток и во Северна Африка. Со над 2500 NIMR-возила во активна служба во вооружените сили од 9 нации, „NIMR“ ги докажа своите исклучителни перформанси и заштитата во најтешки оперативни услови во активни конфликти, притоа, без да има некакви фатални последици за екипажот од возилото.

Идриз Идризоски





# Автоматска пушка „HK G36“

Автоматската пушка „G36“ е развиена од германската компанија „Heckler & Koch“ како модуларно оружје, чии делови можат меѓусебно да се разменуваат, со двострани команди за полесно ракување и можност за прифаќање мноштво на дополнителна опрема според потребите на корисникот.
Пушката функционира на принципот позајмување на барутните гасови и ротација и забравување на затворачот. Главни делови на пушката „G36“ се: цевката со разбивач на пламен, облога на цевката (преден ракофат), гасна комора, гасен клип со потиснувачки механизам, сандакот на пушката, кундак на склопување, носач на затворачот со затворачот и ударната игла, повратен механизам, заден ракофат со куќиште во кој се сместени чкрапалото и неговиот механизам, монтажна рачка за носење на која се вградени примарниот оптички нишан и секундарните преден и заден нишан, воведувачот на рамката за муниција, рамка за муниција и ремник за носење.
Цевката на пушката поседува калибар од 5,56 mm и изработена е со ладно ковање, а внатрешно поседува 6 жлебови со десен чекор на ротација од 178 mm. Внатрешниот дел на цевката е хромиран. На предниот дел од цевката е поставен разбивач на пламен, а на основната верзија е поставен и држач на бајонет. Преку мал цевкаст спој на цевката со гасната комора (цилиндер) се пренесуваат барутните гасови, каде еден дел дејствуваат на главата од гасниот клип преку кој потиснувачкиот механизам (со краток од) го потиснува носачот на затворачот да се движи station наназад.
Предниот ракофат е изработен од полиамид зајакнат со стаклени и карбонски влакна, а на бочните страни горе има мали отвори за ладење на цевката. За да се спои со сандакот се навлеку преку цевката, а на сандакот се позиционира преку две позиции (горна и долна), а се утврдува со нитна преку горната позиција.
Сандакот исто така е изработен од полиамид зајакнат со стаклени и карбонски влакна, а на одредни критични позиции се поставени и челични зајакнувања. Во него се сместени носачот на затворачот со затворачот и ударната игла и повратната пружина со водиштето. Главата на затворачот поседува 7 брадавици кои при забравувањето се ротираат под агол од 90°. Рачката за репетирање која е поставена на горниот преден дел на носачот на затворачот е позиционирана централно, но поврзана е со механизам кој и дава можност да повлече на левата или десната страна при репетирање.
Задниот пиштолски ракофат е системска целина (изработена од полиамид) во чие горно куќиште е сместен механизмот на чкрапалото, додека напред е големиот штитник на чкрапалото со чкрапалото. Од бочните страни на куќиштето од механизмот на чкрапалото се поставени лостовите на регулаторот за стрелба со 3 позиции и тоа: S за закочено, E за единечна стрелба и F за рафална стрелба. Поновите верзии на пушката кај лостовите за стрелба наместо букви поседуваат црвени икони со зрно на куршум. Задниот ракофат со сандакот е споен преку две нитни.
Монтажната рачката за носење е направена од полиамид, а за сандукот на пушката се фиксира со помош на 3 шрафови. Во нејзиниот заден дел е вграден примарниот оптички нишан со зголемување 1,5x (на верзијата G36 E), а на горната страна се излеани секундарните преден и заден механички нишан. На поновите верзии е вграден комбинираниот нишански оптички систем ZF3x4°, составен од оптички нишан со зголемување 3x, и рефлексен red dot-нишан со зголемување 1x. Оптичкиот нишан е наменет за нишанење до 800 m (со поделоци на секои 200 m), а рефлексниот red dot-нишан до далечина од 200 m.
Кундакот на склопување е скелетоиден и изработен од полимер. Се склопува на десанта страна, а кога е во склопена состојба со пушката може борбено да се дејствува.
Воведувачот на рамката за муниција исто така е изработен од полиамид и за сандакот се прицврстува со нитни на 2 позиции. Помеѓу него и штитникот на чкрапалото се наоѓа лостот за утврдување/ослободување на рамката за муниција (како на AK-47). Рамката за муниција е со капацитет од 30 куршуми и изработена е од проѕирна пластика за полесна контрола на бројот на куршумите. На бочните страни од рамките се излеани сврзувачки елементи кои овозможуваат спојување на неколку рамки за муниција. Но, развиен е и барабанот Beta C-Mag со капацитет од 100 куршуми.
Благодарение на модуларноста на пушката, на неа може да се поставуваат ногарки, придушувач на истрел, лансерот на гранати „AG36“ со калибар 40 mm, бајонет, 5 пикантини шини MIL-STD-1913 за прифаќање на тактичко светло, различни ласерски нишани, дневни и ноќни оптички нишани и друго.
Од пушката се развиени следните верзии: стандардната G36E, лесен пушкомитралез „MG36“, „G36CQB“ со пократка цевка, карабинот „G36K“, најмалата верзија „G36C“ и други подверзии. Корисници на различни верзии од пушката се над 40 држави во светот.

Ивица Дамески






1. Разбивач на пламен
2. Цевка со калибар 5,56 mm
3. Гасна комора
4. Гасен клип
5. Потиснувачка шипка на гасниот клип
6. Повратна пружина од потиснувачката шипка на гасниот клип
7. Секундарен преден механички нишан
8. Рачка за репетирање
9. Рачка за носење
10. Носач на затворачот
11. Секундарен заден механички нишан
12. Примарен оптички нишан
13. Повратна пружина со водиште






14. Одбојник/ амортизер поставен на задниот дел од повратната пружина со водиште
15. Копче за склопување на кундакот
16. „Скелетоиден" кундак на склопување
17. Заден ракофат
18. Селектор за стрелба
19. Чкрапало
20. Механизам на чкрапалото
21. Рамка за муниција
22. Затворач со ударна игла
23. Синтетички двоен ремник
24. Облога на цевката (преден ракофат)
25. Држач на бајонетот

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ФАМИЛИЈАТА АВТОМАТСКИ ПУШКИ „G36" | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРЗИЈА | **G36E** | **G36 CQB** | **G36 K** | **G36 C** |
| КАЛИБАР | 5,56 mm | 5,56 mm | 5,56 mm | 5,56 mm |
| МУНИЦИЈА | 5,56x 45 mm | 5,56x 45 mm | 5,56x 45 mm | 5,56x 45 mm |
| ШИРОЧИНА | 64 mm | 64 mm | 64 mm | 64 mm |
| ВИСОЧИНА | 278 mm | 278 mm | 278 mm | 278 mm |
| ТЕЖИНА СО РАМКА ЗА МУНИЦИЈАТА | 3.770 g | 3.425 g | 3.440 g | 2.960 g |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 480 mm | 391 mm | 381 mm | 228 mm |
| ДОЛЖИНА СО СКЛОПЕН КУНДАК | 760 mm | 671 mm | 617 mm | 502 mm |
| ДОЛЖИНА СО РАСКЛОПЕН КУНДАК | 1.002 mm | 988 mm | 862 mm | 722 mm |
| ТЕОРЕТСКА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | 750 куршуми во минута | | | |
| ТЕЖИНА НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 127 g (празна) | | | |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 483 g (полна со 30 куршуми) | | | |



# Италијанска пушка „Каркано“

Италијанската пушка „Каркано“ се карактеризирала со особено малите димензии, шесте куршуми во магацинот, наместо петте како кај останатите карабини, релативно благото повратно дејство и бајонетот, кој се преклопувал под цевката на пушката. Иако настанала како верзија на стандардната пушка, малата „италијанка” со изгледот потполно се разликува од неа и малкумина би можеле воопшто да ги поврзат една со друга. По својата историја, како и зошто настанала, балистичките карактеристики и куршумот 6,5x52 mm, била како техничко чудо, но во текот на употребата се покажала како една од најлошите војнички пушки. Скратените верзии станале популарни и далеку поупотребливи од нивниот оригинал. Воените историчари тврдат дека една од причините за италијанскиот пораз во Абисинија била и лошата пушка „Ветерли M 1870“ на црн барут во калибар 10,4 mm. Италијаните уште порано одлучиле да преминат на пушки со бесчаден барут и со современ дизајн, но овој тежок пораз само укажал на тоа дека на старите пушки им нема место во современото војување. Неколку години порано била воведена пушка со системот „Манлихер“, која била модификувана од страна на конструкторот Салваторе Каркано (1827 – 1903), а која била револуционарна за тоа време. Се појавила цели осум години пред легендарниот „маузер”, со исклучително современ куршум во калибар 6,5x52 mm и со неверојатни шест куршуми. Се покажала како

Приказната за италијанската пушка „Каркано“, која била стандардна италијанска армиска пушка, започнува после поразот на Италија во Првата абисиниска војна. Таа никогаш не станала нивно омилено оружје, ниту, пак, на некоја друга војска но, од друга страна, таа била многу застапена на боиштата, а една нејзина верзија достигнала култен статус во земјите на Балканот, во поранешна Југославија, Грција, Албанија, како и ширум Средоземјето.



многу прецизна, далеку посигурна од поранешните пушки на црн барут. Но, Италијаните не брзале многу со нејзиното масовно воведување во опремата на војската, но поразот во Абисинија ги отрезнил. Во Првата и во Втората светска војна се покажало дека пушката е мошне слаба во однос на останатите, како на пример во однос на пушката „Маузер К98к“ и исклучително јакиот куршум во калибар 7,9×57 mm, а потоа и од „Манлихер“ и францускатa „Бертие“, кои биле супериорни во однос на неа. Одлична на стрелиште, но лоша во нечистотиите на војната, пушката Каркано сепак останала незаменлива – биле направени многу верзии за разни видови и родови на војската, а имало и обиди за прекалибрација на поголем калибар, 7,35 mm, но неуспешно. Сепак, една нејзина верзија се истакнала. Италијаните биле поборници на коњаничките единици, па единствено коњаниците го сакале својот „Ветерли“ коњанички карабин, кој бил мал и едноставен, скратен во однос на оригиналната пушка и со бајонет под цевката. По углед на коњаничкиот „Ветерли“ бил направен и коњанички карабин „Каркано М91/38“ (38 е подоцнежна модернизација на поголем калибар), под званично име „Moschetto Carcano per cavalleria Mod. 91“. Меѓутоа, бидејќи коњаницата не дејствувала како некогаш, тие карабини се рашириле по другите видови и родови на војската, особено во алпските и падобранските единици. Бидејќи коњаницата веќе имала сабји и немало потреба за уште едно сечиво, бајонетот бил така поставен за да се преклопува надолу.
Пушката, својот легендарниот статус го стекнала дури кога дошла во рацете на италијанските непријатели. Сите, тие ја ценеле, додека оригиналната „Каркано“ ја отфрлале. Иако имале потполно ист систем, причина за митскиот статус на „италијанката“,



Италијанска пушка „Каркано“ во народот е позната како „италијанка“, скратена верзија на италијанската пушка „Каркано М91/38“, која била исклучително ценета кај борците, особено кај младинците

краткиот карабин, може да се бара во начинот на употреба. Герилските партизански единици повеќе ја ценеле малата маса, лесното и благо повратно дејство и големата прецизност. Воедно, системот „Каркано“ е познат по далеку краткиот од на обртно-чепниот затворач, што на пушката ѝ дава поголема огнена моќ во однос на далеку подобриот и квалитетниот систем „маузер“, особено кога брзината на работата на затворачот се комбинира со релативно благото повратно дејство на куршумот во калибар 6,5x52 mm. Додека стандардната пушка имала цевка долга 780 mm, вкупна должина 1285 mm и маса од 3,9 kg, „италијанката“ (Moschetto Carcano per Cavalleria Mod. 91), била со исклучително мали димензии, маса, но со голема прецизност. Со преклопен бајонет под цевката, вкупната должина изнесувала 919 mm (цевката само 451 mm), а со исправен бајонет 1263 mm. Имала маса од 3,1 kg и релативно благо повратно дејство поради слабиот куршум и била идеално оружје за коњаницата и планинските единици, за герилска и градска борба. Добро обучен стрелец можел да испука шест куршуми за шест секунди, што е исклучително за еден карабин. Системот кој го користела бил системот „манлихер“, кој бил модификуван од италијанскиот конструктор „Каркано“. За последната деценија на 19 век, овој систем бил револуционерен. Со намалување на калибарот и со користење на бесчаден барут бил добиен куршум со мала маса и димензии, а тоа овозможило конечно да се реши проблемот со сместување на муницијата во пушката. Дотогаш биле користени куршуми со големи димензии и



калибар, од 10 до 11 mm, со лоши карактеристики, бидејќи користеле црн барут. Димензиите на таа муниција биле приближни, дури и поголеми од денешните ловечки патрони, а нивното сместување било главно во тубуларни магацини, под цевката на пушката, што ја компликувала конструкцијата и ја правела пушката росна и тешка. Со системот „манлихер–каркано" тоа било решено на единствен начин. За разлика од другите репетирки, Италијаните зеле шест куршуми и ги ставиле во метална рамка, а таа заедно со куршумите се потискувала во магацинот на пушката и сето време останувала во него. На крај, кога се испукувал последниот куршум, празната рамка испаѓала низ отворот на дното на магацинот. Технички многу добро решение, кое исклучително го забрзува процесот на полнење, но на фронтот се покажало како лошо, особено во Првата светска војна, бидејќи низ тој отвор за испаѓање на рамката влегувале кал и прашина. Интересно решение бил и нишанот кој бил фиксиран само на две далечини, на 200 и 1.500 метри. Италијаните пресметале дека борбите се водат исклучиво во рамките на тие далечини и дека нема потреба да се прават поинакви нишани. На крај, некои „италијанки" имале и нишан само на



200 метри – таканаречен борбен нишан, бидејќи, навистина, борбите и тогаш се воделе токму до тие далечини. Една од причината зошто герилците ја сакале малата „италијанка" е и таа што имала специфичен куршум, кој имал многу добра патека и карактеристики за добар стрелец. „Братот" на пушката „италијанка" со ист систем и калибар, само со различини и малку поголеми димензии – стана светски позната, кога со неа Харви Ли Освалд го убил американскиот претседател Џон Кенеди во 1963 година. Модерните теоретичари на завери во сите свои приказни зборувале дека Каркано е лоша пушка и дека нема шанси некој да може со толкава брзина со голема прецизност од неа да испука толкав број на истрели во жртвата. Тие го занемариле фактот дека тоа е исклучително прецизно оружје, лошо на големи далечини, но смртоносно во рацете на обучени стрелци, кое има благо повратно дејство и затворач кој работи речиси двоструко побрзо од маузеровиот, поради пократкиот од. Покрај наведеното, теоретичарите на завери се наклонети да го отпишат Каркано како оружје со кое „наводно" бил извршен атентатот, бидејќи еден од куршумите имал „неверојатна" траекторија низ телото на жртвата. Меѓутоа, тоа, пак, само го потврдува она што вистинските експерти го знаат – „Каркано" има куршум со заоблено зрно кое е релативно долго, околу 45% од вкупната должина на куршумот, што со помала сила прави тоа да се „тумба" под одредени агли во целта. Одличен стрелец навистина можел да испука шест куршуми под шест секунди, што е неверојатно за еден карабин.

Пушките „Каркано",се користеле и за време на Грчката граѓанска војна. После тоа брзо паднале во заборав. Тука и би останале, доколку не било најпрво убиството на американскиот претседател, а потоа и граѓанската војна во Либија во 2011 година, кога „испливале" на површина

На лош глас пушките „Каркано" излегле поради две работи кои биле условени со воената состојба. Имено, лошата муниција која немала во илјадититиот дел од милиметар точна калибрација предизвикувала лоши балистички и летачки карактеристики на испуканото зрно. Тоа и денес се случува – кога се пука од преживеаните „италијанки" и „каркано", па мора строго да се води сметка за квалитетот на муницијата. Вториот проблем бил тој што пушката имала современ, прогресивен систем на жлебење – на почетокот има одреден чекор кој постепено се стеснува кон устата на цевката. Тоа дополнително ја подобрува балистиката и прецизноста, но коњаничките карабини во војната биле едноставно така направени што стандардните цевки за пушките биле сечени, па тој прогресивен систем на жлебење не доаѓал до израз. Јапонците многу се заинтересирале за каркано-системот и набавиле околу 80.000 пушки. Подоцна, во пушките „Арисака", тие малку го промениле калибарот и системот и ги употребиле против Русите во 1905 година во Руско-јапонската војна, како и во Првата и во Втората светска војна. И Русите биле воодушевени од калибарот 6,5 mm на јапонските „Арисака" пушки, малку изменет „Каркано" куршум, па го направиле автоматот „Федоров", првата ефикасна автоматска пушка на светот. По Втората светска војна, италијанската армија, пушките „Каркано" ги заменила со пушките „Ли Енфилд", а подоцна и со „М1 Гаранд", додека италијанската полиција користела „Каркано" сѐ до 1981 година. На просторите на поранешна Југославија, пушките од системот „Каркано" дошле од воениот плен на австроунгарската војска, па така југословенската војска поседувала 11.000 пушки, кои за време на Втората светска војна биле користени од страна на четниците. По капитулацијата на Италија во 1943 година, голем број италијански пушки доаѓаат во рацете и на македонските партизани. Партизаните ги сакале поради малите димензии, маса и големата прецизност. Биле како создадени и за градски борби. Особено ги носеле младинците и децата-борци. Малите, едноставни и употребливи „италијанки" биле ценет плен. Пушките „Каркано", исто така, се користеле и за време на Грчката граѓанска војна. После тоа брзо паднале во заборав. Тука и би останале, доколку не било најпрво убиството на американскиот претседател, а потоа и граѓанската војна во Либија во 2011 година, кога „испливале" на површина. Ги употребувале бунтовниците, а стигнале и до Јемен и до Сирија, каде што се нашле во друштво на старите „другари", германските „StG-44" и руските „мосинки".

Александар Стојчевски

# Усовршување на воените вештини

Гаѓањата со пешадиско оружје на резервните офицери и подофицери претставуваат приоритетни содржини во Програмата за обука на членовите на ОРОРСМ, бидејќи на тој начин тие ги усовршуваат вештините во ракувањето и употребата на пешадиското оружје.
Во котенкст на наквите програмски определби, неодамна на стрелиштето „Долно Оризари" се рализира гаѓање со АП 7,62 мм, подготвително на реден број 1.
На гаѓањето учествуваа 60 резервни офицери и подофицери од 11 ООЕ на ОРОРСМ од: Скопје и од источниот дел на Р. Северна Македонија (Струмица, Берово, Пехчево, Штип, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Виница, Свети Николе, Делчево и Велес).
Пред почетокот на гаѓањето, на учесниците им се обрати претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев кој, притоа, накусо информираше за текот на реформските процеси во Организацијата и изрази благодарност до МО и ГШ на АРСМ за нивната логистичка поддршка во реализацијата на ваквите практични содржини.
Раководителот на гаѓањето, капетанот Фуад Буќи од КОД, ги запозна со безбедносните мерки на стрелиштето, како и со неопходните постапки при гаѓањето, како предуслов за остварување добри резлутати. Постариот водник I класа, Иле Арсовски, ги запозна учесниците со крактеристиките на АП 7,62мм и изврши дообука на оние кои гаѓаа за првпат.
На гаѓањето во кое непосредно беа ангажирани и претставниците на КОД: потпоручникот Александар Мишков и постарите водници I класа Алан Кундевски и Дијаманта Ристова, се остварени одлични и многу добри резултати. Всушност 2/3 од нив беа оценети со „надминал стандард", а 1/3 „исполнил стандард".
Најмлад учесник на гаѓањето беше 18-годишниот студент Столе Синадинов од Виница, кој оствари одлични резултати.
Еднодневното дружење заврши со заеднички ручек во касарната „Алекса Демниевски-Бауман" во Велес.



# Кондиционо-едукативен марш „Паралово 2019"

Општинските организациони единици (ООЕ) на ОРОРСМ од југозападниот дел на Македонија, практичните содржини во обуката се повеќе ги организираат врз основа на заедничката програма на кој начин покрај кондиционирањето и проверката на психофизичката оспособеност се запознаваат и со географските и топографските карактеристики на теренот на кој претстојуваат.
Потврда на ваквата оценка е и кондиционо-едукативниот марш, кој што на 9 ноември го организираше Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Битола, со кој раководи резервниот капетан Оливер Митевски.
На оваа практична содржина којашто се реализираше во Мариовскиот регион, учествуваа 45 резервни офицери од: Битола, Кичево и Демир Хисар.
Маршот во должина од 6 км се реализираше на релацијата: Суводол–манастир „Св.Ѓорѓија" во с. Паралово.
За време на маршот беа реализирани две работни содржини.
На браната на езерото Суводол, резервниот мајор Васко Ефтимовски изврши географска и топографска ориентација и ги запозна учесниците со карактеристиките на теренот во Мариовскиот регион.



Во дворот на манастирот „Св.Ѓорѓија", еден од трите најстари во овој регион, претставник на ова духовно светилиште, информираше за историското минато, од неговата изградба па сè до денес.
Учесниците со посебно внимание ги проследија податоците за предавството на војводата Ѓорѓи Сугарев, кој во судирот со илјададбројниот турски аскер, храбро се жртвувал себеси и 25-те комити колку што броела неговата чета, за слободата на Македонија.

# Чествување

Негувањето на слободарскиот дух и одбележувањето на значајни годишнини на настани и личности од историското минато, претставува приоритетна и континуирана активност на Организацијата на резервните офицери на РСМ.



Потврда на ваквата оцена претставува и датумот 8 ноември 2019 година, кога се одбележа 75-годишнината од ослободувањето на градот под Исарот.
По повод 113-годишнината од раѓањето на генералот Михаило Апостолски, славниот Дончо од Штипско Ново Село, храбриот командант на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, локалната самоуправа и Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ, организираа пригодна свеченост пред спомен-бистата.
Во знак на почит кон ликот и делото на генералот Михаило Апостолски, за неговиот животен пат од раѓањето во Ново Село, па сè до извојувањето на големата победа над фашизмот и создавањето на сопствена држава, говореше Кирил Панајотов од локалната самоуправа.
По овој повод, пред спомен-бистата, свежо цвеќе положија: градоначалникот на општината, Благој Бочварски, претседателот на Советот на општината, Јане Миланов, претседателот на Општинскиот одбор на СЗБ од НОАВМ, Петре Костовски, претседателот на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ, Стојанче Димов, и пензионираниот генерал-мајор Стојан Димчов.

Живко Трајановски




# Мировната мисија „UNMOGIP“

## (UNITED NATIONS MILITARY OBSERVATION GROUP IN INDIA AND PAKISTAN) – КАШМИР (1948 - ? ) втор дел

Во јануари 1949 година, воените набљудувачи на ОН во составот на Комисијата на УНЦИП биле распоредени долж линијата на раздвојување, за во 1951 година, мандатот за надгледување на линијата да ја преземе мисијата „UNMOGIP“. И покрај мировната мисија на ОН, Индија и Пакистан воделе уште две војни во кои се поместувала линијата на раздвојување, заради што во 1965 година е основана и привремена мисија „UNIPOM“

Во текот на февруари 1948 година биле водени борби југозападно од Синагара, за индиската војска да покрене нова офанзива. Борби се водени и кај градот Jammua и на јужниот дел на Кашмир, борби во кои директно била инволвирана и регуларната армија на Пакистан. Пакистанските сили, летото истата година, ги зазеле и реоните околу градовите Skarda и Kargila. Во противофанзивата на индиската армија во ноември, некои градови се вратени под индиски надзор. Бидејќи и двете страни веќе биле исцрпени од војните, а линијата на раздвојување останала постојана, на 1 јануари 1949 година, Индија и Пакистан ја прифатиле резолуцијата на UNICIP од 13 август 1948 година, со која се повикува на завршување на воените активности.

Разместување на воените набљудувачи

Првата група на воени набљудувачи на ОН во склоп на мисијата „UNICIP“, во регионот пристигнала на 24 јануари 1949 година и започнало нивното разместување долж линијата на раздвојување. Главниот



штаб на мисијата се наоѓал во Исламабад, во текот на зимските месеци, односно во Синагар за време на летните месеци. Завојуваните страни биле доведени на преговарачка маса на тој начин што после повеќемесечни преговори на 18 јули во Карачи е потпишана Спогодбата за разграничување на Кашмир. Врз основа на спогодбата, две третини од кашмирската територија останала под индиска контрола (вклучително и богатата долина со поголемиот број на жителите), а една третина под контрола на Пакистан. Одредена е и линијата на раздвојување која била под надзор на набљудувачите на ОН. Во војната погинале околу 4.000 војници од обете страни. Вкупниот број на убиени во верските насилства проследени со стекнувањето на независноста, надминува 500.00 луѓе. Во Кашмир, Индија создала своја администрација на чело со Нехровиот повереник, шеикот Abdulah, со што е продолжена политичката инкорпорација на подрачјата во Индија. Abdulah, како член на индиската дипломатија, учествувал и на заседанието на ОН во Њујорк. Во таа прилика ги изнел и аргументите за присоединување на Кашмир кон Индија. Во ноември 1952 година, Кашмир е прогласен за република, со посебен статус според кој Индија ја надгледува само одбраната, надворешните работи и комуникацијата, за во 1954 година Кашмир да биде присоединет кон Индиската унија. Советот за Безбедност на ОН на 30 март 1951 година со Резолуцијата 91, одлучил UNCIP да биде трансформиран во Военонабљудувачка група на ОН во Индија и Пакистан ( United Nations Military Observer Group in India and Pakistan – UNMOGIP). Мисијата имала за задача продолжување на надгледувањето на прекинот на огнот, известување и истрага на пријавите за прекин на огнот кои биле предизвикани од двете страни. UNMOGIP 15 години успешно ја извршувал задачата, надгледување над почитувањето на примирјето, но главно станува збор за мали прекршувања кои не биле закана за целата ситуација. Но, се променило се со избувнувањето на новата војна во 1965 година.

## Краткотрајните втора и трета војна

После воспоставувањето на мисијата на ОН, Индија и Пакистан уште двапати војувале за Кашмир. Исламабад уште во јуни 1965 година инфилтрирал свои воени единици во индискиот дел на Кашмир, за на 1 септември, со преминување на пакистански оклопни единици преку границата кај градот Jammua, конфликтите прераснале во општа војна. Пакистанските трупи успеале да продрат околу 25 километри на индиска територија, заканувајќи се со отсекување на индискиот дел од Кашмир од остатокот на земјата. После три недели на интензивни воени дејства и големи загуби од најквалитетните воени единици, двете страни се довеле во „пат-позиција“. Њу Делхи и Islamabad три дена после повикот на Советот за Безбедност на ОН за прекин на огнот, на 23. Септември ги прекинале непријателствата. Бидејќи непријателствата се прошириле и надвор од линијата на раздвојување, ОН освен UNMOGIP во септември 1965 година воспоставиле и Набљудувачка мисија на ОН помеѓу Индија и Пакистан (United nations India-Pakistan Observation Mission



– UNIPOM) со 96 набљудувачи. Нивната задача била набљудување на прекинот на огнот на подрачјата надвор од државите Jamma и Кашмир. После повлекувањата на двете страна зад линијата на раздвојување од пред избувнување на војната , во февруари 1966 година, UNIPOM е прекинат а UNMOGIP се вратил на својата првобитна мисија.
Третата војна помеѓу Индија и Пакистан, која при крајот на 1971 година се развил од граѓанската војна, во Пакистан довела до нови борби на подрачјето на Кашмир односно и до промена на линијата на раздвојување. Пакистанската војска успешно ги потиснала индијците од подрачјето на Chamba, додека кај градот Akhnura дошло до петдневна тенковска борба. Прекинот на овие борби стапил на 17. Декември 1971 година, а Советот за Безбедност на ОН со Резолуцијата 307 барал траен прекин на огнот и повлекување на воените сили на двете земји на позициите од 1949 година. Во летото 1972 година, Индија и Пакистан потпишале Договор со кој се утврдува линијата на прекин на огнот во Кашмир, која со мали отстапувања ја следи линијата воспоставена со договорот во Карачи.

## Иднината на мисијата

Кашмир со Палестина до ден-денес остануваат најдолгото нерешено прашање изнесено пред ООН. Територијата на Кашмир останал поделен помеѓу три држави. Тоа се индискиот дел под назив Jamma и Кашмир, пакистанскиот дел поделен на провинциите Азад и Кашмир и Северно подрачје. После пакистанското отстапување на најсеверниот дел од Кашмир на Кина и краткотрајната војна помеѓу Кина и Индија во 1962 година, североисточното подрачје Aksai Chin, кое до тогаш се наоѓало под индиска власт, дошло под кинеска окупација. Во Кашмир продолжил да тлее внатрешниот судир помеѓу следбениците на отцепувањето од Индија и заговорниците за единство со Индија, таканаречените федералисти, додека на линијата на раздвојување се случувале повремени вооружени инциденти помеѓу индијската и пакистанската армија кои кулминирале во 1998 година со таканаречената Каргилска војна која, главно, се одвивала со артилериски напади. Индија и Пакистан денес се поделени околу иднината и улогата на мандатот на UNMOGIP. Индиската дипломатија после договорот во 1972 година зазела став дека мандатот на UNMOGIP престанал бидејќи бил поврзан со надзор на огнот од 1949 година. Пакистан го фаворизира негоовото продолжување и кон UNMOGIP го задржал афирмативниот однос. И понатаму приговара заради прекршувањето на прекинот на огнот. Индија прекинала со таквата практика, односно ги ограничила активностите на набљудувачите на ОН од индиската страна на линијата на раздвојување, иако и понатаму ја обезбедува логистиката на мисијата.

м-р Симеон Митрев



# Како да одговориме на навредлив коментар на работното место

Експертите велат дека несомено станува збор за тешка ситуација. Џоан Вилијамс, основач и директор на Центарот за работно право на колеџот „Hastings“ за правни науки во САД, вели дека овие одлуки се особено ризични бидејќи вклучуваат „два од ‘најкорозивните’ елементи на пристрасност на работното место – неизвесноста дали тоа што сте го слушнале е пристрасност и страв дека може да се биде казнет поради начинот на кој се справувате со ситуацијата“. Притоа,сосема е нормално да постои сомневање кај нас и постојано да се прашуваме дали она што сме го слушнале е така или е само шега, дури и ако мислиме дека ќе кажеме нешто соодветно во таква ситуација, реалноста е дека постапуваме поинаку. Истражувањата на Александар Чоп, директор на Центарот за крос-културно истражување на универзитетот „Вашингтон“ во Вашингтон, и неговите колеги, покажуваат дека постои „несовпаѓање“ меѓу она што луѓето го планираат и она што ќе го направат. Еве неколку совети за наредниот пат кога некој колега ќе ни каже нешто навредливо.

Понекогаш нашите колеги кажуваат нешта кои прават да се чувствуваме непријатно. Тие мислат дека тоа е смешно, но коментарите честопати се несоодветни, можеби, дури, и навредливи, сексистички или расистички. Што треба да кажеме или да направиме ако се најдеме во ваква или слична ситуација?

Првиот чекор е да се одлучи дали вреди да одговориме на коментарот. Секако дека има добри причини да го сториме тоа. „Зачувување на сопственото чувство за интегритет и ослободување на работното место од расизмот се добри цели, забележува Вилијамс. Ако не зборуваме, ние сигнализираме дека сè е во ред. Но, во суштина, само му даваме дозвола на лицето повторно да го стори истото. Ова може да биде и можност

да го промениме однесувањето на колегите на подобро, шанса што не сакаме да ја пропуштиме. Истражувањето на Чоп покажува дека треба да разговараме за да го решиме навредливото однесување на вистински начин во вистинско време. Ова може да го промени таквото однесување во иднина“.

Ако сме во позиција на моќ, влогот е поголем. Менаџерите имаат одговорност (во некои случаи правна) да се осигураат дека никој не се чувствува загрозен или непријатно на работа, а студиите покажуваат дека имаме поголемо влијание ако не сме предмет на пристрасност, вели Вилијамс. Кога станува збор за сексизмот, на пример, мажите имаат тенденција да бидат поубедливи кога се соочуваат со луѓе. А ние им даваме поголем кредибилитет, бидејќи тоа не е нивната „игра“.

Вилијамс додава дека треба да размислиме со кого работиме, каква е нивната реакција и какви би биле политичките трошоци ако ги повикаме на одговорност. Тие би можеле да бидат негативни (на пример, ако се каже претерувате, тоа беше само шега) или стануваат дефанзивни (Што мислите за тоа?). Затоа, запрашајте се: Како ова лице вообичаено реагира кога некој му се спротивставува? Дали тие генерално се доволно свесни? Дали постои добра намера? Исто така, треба да размислиме за авторитетот на лицата над нас и дали тие веројатно ќе нè казнат поради тоа што јасно и гласно сме кажале нешто. Нашето сигурно работно место или личната безбедност може да бидат изложени на ризик, вели Чоп. Ова е така, особено ако сме дел од група која е веќе предмет на пристрасност. Истражувањата на Вилијамс покажуваат дека жените наидуваат на повеќе отпор кога се наметнуваат. Тоа не значи дека не треба да се „зборува на глас“ и да се има свој став и мислење, но треба да бидеме реалистични и за последиците од тоа. Ако нашата крајна цел е да го задржиме нашето работно место, можеби ќе одлучиме да молчиме.

Не треба да претпоставуваме. Ако одлучиме да кажеме нешто, тогаш треба да пристапиме кон ситуацијата како лицето да не сакало да не навреди. „Поголемиот дел од времето, личноста е само неразумна и не знае како се толкува нејзиното однесување“, објаснува Вилијамс. Да бидеме внимателни! Можеби и ние сме направиле грешки. Дали сите ние правиме несоодветни коментари? Секако. „Никој не е совршен“, вели Вилијамс. Сите сме биле во



ситуација и сме кажале нешто за кое подоцна сме посакале да не сме го кажале. Ако кажеме дека сме биле во слични ситуации, може и лицето кое не навредило да настапи помалку дефанзивно  и поотворено, да го сослуша вашето видување на ситуацијата.

Не треба да обвинуваме, значи особено треба да бидеме внимателни со обвинувањата. Истражувањето на Чоп покажува дека грубите изјави од типот „тоа е расизам“, резултирале со многу повеќе дефанзивни реакции. Тој вели дека повеќето луѓе имаат „преувеличен поглед“ за тоа што значат овие поими, па реагираат бурно.  Вилијамс се согласува дека може да е во ред да подвикнеме на некои  луѓе, но факт е дека никој не сака да чуе дека неговите коментари се сексистички, расистички или на некој друг начин навредливи .

Треба да ја објасниме нашата реакција на коментарот наместо да етикетираме одреден коментар како навредлив. Вилијамс и Чоп нè советуваат да објасниме како се чувствуваме. Може да кажеме: Знам дека тоа не ти беше намерата, но твојот коментар направи да се чувствувам непријатно или јас сум збунет/а од она што го кажавте. „Немојте да мислите дека на овој начин го избегнувате проблемот, вели Чоп. Тоа е многу поефикасен пристап кој овозможува поголема веројатност дека лицето кое дало непријатен коментар ќе го промени своето однесување во други слични ситуации во иднина“.

Треба да поставиме прашање. Вилијамс предлага да ја следиме нашата првична изјава со прашања, на пример: Што мислевте со тој коментар или на какви информации го базирате тоа? Со ангажирање на лицата во дискусија, можеме да им





помогнеме да ги согледаат нивните предрасуди и да ги разјаснат сите можни недоразбирања. Можеме дури и да ги замолиме да го повторат она што го кажале. Ова ќе ги поттикне да размислат малку повеќе во врска со тоа што сакале да го кажат, како и за влијанието на кажаното врз другите. На тој начин добиваат шанса да го повлечат кажаното, односно да се извинат.

Треба да споделиме информации. Ако лицето не мисли дека неговиот/нејзиниот коментар е навредлив, можеме да му помогнеме и на некој начин да го посоветуваме, на тој начин што ќе му кажеме како сме го разбрале. На пример, ако лицето сугерирало дека вашата колешка си оди многу порано од работа, може да кажете, на пример, прочитав една интересна студија претходниот ден каде што пишуваше дека, кога мајки ќе ја напуштат канцеларијата порано, претпоставуваме дека имаат обврски поврзани со нивните деца. Но, кога татковците заминуваат порано од канцеларија, дури и не забележуваме. Особено е важно ова да го кажеме на ненападен начин. Колку сме пореални и подготвени за споделување на информации и на не правење пречки кон лицето/та во неговата/нивната пристрасност, толку е поголема веројатноста тоа/тие да не слушнат. Треба да се обидеме со алтернативни начини. Ако одлучиме дека не ни е пријатно да укажеме на коментарот, има и други работи што можеме да ги направиме, вели Чоп. На пример, може да ја смениме темата на разговор, испраќајќи „суптилна порака“ до лицето чија забелешка не ја одобруваме. Треба да се потпреме на емоционалната интелигенција на личноста за да го разбереме испратениот сигнал“, вели тој. Може и да почекаме и да видиме што се случува. Понекогаш лицето кое го направило коментарот ќе ја сфати својата грешка и ќе се извини, или, само да опоменеме/укажеме. Во зависност од тежината на навредата, вели Вилијамс, можеби ќе почувствуваме дека лицето кое нè навредило треба само да го опоменеме и, всушност, тоа е добро да се направи.

Дали постои начин да се укаже на несоодветноста на коментарот, без лицето од другата страна да мора да се брани? И, дали ние ја ризикуваме нашата репутација, работа или кариера со тоа што гласно ќе се произнесеме и ќе дадеме свое мислење



Пожалете се до некој авторитет.
Ако коментарите продолжат и се чувствуваме непријатно, може да сметаме дека проблемот ескалирал. Вилијамс вели дека има моќ во бројките. Можеме да ги најдеме другите лица коишто биле навредени и да направиме случај, тврдејќи дека лицето создава непријателска клима. Ако се обидеме сами да се справиме со тоа, нема да успееме. Може да кажеме нешто како, на пример, цела една група го искуси тоа и ние бараме совет од вас. Само треба да имаме на ум, предупредува Вилијамс, дека, како што ја „шириме" работата така трошиме повеќе политички капитал.

**Принципи што треба да се запомнат:**
Треба добро да размислиме за последиците во случај да премолчиме. Само ако се коментира, а да не се приспособува кон нешто или некого, му се дава шанса на лицето повторно да го стори истото. Ако сме во позиција на моќ, имаме одговорност да одговориме на навредливите коментари, да поставиме прашања кои ќе му помогнат на лицето да размисли за она што го кажал и да ги расчистиме несогласувањата.
Не треба да ги запоставиме политичките трошоци, особено ако сме цел на коментарот. Да претпоставиме дека лицето сакало нас да нѐ навреди или, пак, некој друг, едноставно можеби е наивно. Ако обвиниме некој дека е пристрасен, тоа веројатно ќе го стави во дефанзивна позиција и нема да го промени своето однесување на долг рок.

**Студија на случај 1: Да се фокусираеме на нашата реакција**
Бен Брукс штотуку започна нова работа во врвна консултантска фирма за менаџмент. Тој и еден постар колега разговарале на телефон на тема поврзана со работата. Откако Бен направил некои забелешки, колегата одговорил: Ти си хомосексуалец! Бен бил толку шокиран, што дури не одговорил. „Тоа беше некој што јас го ценев и кој ми беше пример. тој ми помогна да се вработам. Тој не знаеше дека сум хомосексуалец и се чинеше дека тоа го третира како „разговор во соблекувална" но, јас, веднаш се затворив. Бен излегол од канцеларијата со чувство на болка и лутина", прашувајќи се зошто се преселил од едниот во другиот крај на земјата – сигурно не само за да некој на работа вика дека сум хомосексуалец! Откако се смирил, се вратил во канцеларијата на својот колега за да разговара за ситуацијата. Но, немало никого и оставил порака дека треба да зборуваат. Кога неговиот колега го нашол подоцна во текот на денот, Бен почнал пријателски да разговара. Бен му објаснил на колегата зошто неговиот поранешен коментар го вознемирил. Тој веднаш се извинил. Бен споделил дека е хомосексуалец, а колегата многу се засрамил и му се извинил, а Бен му простил. Тој и неговиот колега останале пријатели.

**Студија на случај 2: Не обвинувајте**
Даниел Вагнер (имињата и некои детали се изменети), косопственик на извршна фирма со седиште во Њујорк, работел повеќе од една година со Керол, основач на образовна организација за млади. Во текот на соработката тој честопати бил изненаден од коментарите и барањата на Керол. На пример, таа еднаш службено му испратила порака на Даниел да најде слики од кандидати за работа, за да може да види како изгледале. Таа, исто така, побарала тие да ја одредат и возраста на апликантите. После еден состанок, Керол коментирала дека интервјуираниот е облечен како да е Амиш. Кога разговарале за една Афроамериканка, за друга работна позиција, таа изразила загриженост дека нејзината боја на кожата може да ги спречи луѓето да ја сфатат сериозно. Даниел и неговиот тим биле вознемирени од овие забелешки.Но, Даниел сакал само да биде директен и чесен со Керол. „Како личност со највисока позиција во тимот, јас постојано се обидував да се вклучам во интервјуто пред таа да се најде во премногу проблеми", се сеќава тој. На пример, кога побарала несоодветни информации за кандидатите, тој одговорил: Ние не ги бараме тие информации, бидејќи врз основа на тоа нема да донесеме одлука. Ние се фокусираме на компетенции. А, кога таа прашала за фотографиите, тој едноставно рекол: Ве молам, немојте повторно да го направите ова. Ова не е во ред. Во исто време, тој никогаш не ја обвинил неа дека е расист или дека е пристрасна. „Не сакав да направам претпоставки за нејзините намери или морален карактер .... Моите родители понекогаш ги кажуваат истите




коментари, така што имам искуство и со добри луѓе кои рекле несоодветни работи .
Одговорите на Керол биле различни. Понекогаш таа негирала дека била офанзивна, па велела: Ти мора да си ме слушнал погрешно. Инаку, таа се извинила, но со текот на времето, веројатно, Даниел ѝ помогнал да се промени. „Таа сега вели помалку навредливи работи, односно таа се промени и кажува подобри работи".

м-р Билјана Поповска

*Апаптирано од „Amy Gallo Harvard Business Review"*

*https://hbr.org/2017/02/how-to-respond-to-an-offensive-comment-at-work?utm_medium=social&utm_source=facebook&utm_campaign=hbr&fbclid=IwAR0zzhHgWvJ8m0yNHVq_x7D_Il80d_nDqfh9fedLEP2GZ5q2jRQNzbwQEgc*



# Нашата соработничка меѓу пофалените

Антоанела Димитриевска е родена и живее во Велес каде што и завршила основно и средно образование во Гимназијата „Кочо Рацин“. Таа е дипломиран новинар на Факултетот за интердисциплинирни студии по новинарство при Правниот факултет на УКИМ во Скопје, во мај 1990 година. Антоанела, уште како студент започнала со пишување текстови во весниците „Млад борец“ и „Вечер“. Уште од студентските денови ја започнува соработката со локалната радиодифузна станица, Радио Велес, на практика во 1986 г., а потоа продолжува во 1987 година, кога за првпат се јавува на програмата на Радио Велес, во живо известувајќи од спортските случувања на Универзијадата во Загреб. Соработката со Радио Велес ја продолжува како соработник во Младинската програма и во други емисии, сѐ до дипломирањето на 10 мај 1990

Од 1997 година Антоанела Димитриевска соработува со весници и списанија на АРМ, „Армиски збор“, потоа и во „Одбрана“, и по нивното згаснување, во новото месечно списание на АРМ, „Штит“

година. Антоанела продолжува професионално секојдневно да работи на програмата на Радио Велес како хонорарен соработник од 1990 година, сѐ до 10 април 1996 година, кога конечно заснова работен однос на неопределено време. Во Радио Велес работи како новинар и уредник на вести и води во живо емисија на утринската радиопрограма. На програмата на Радио Велес уредува и води повеќе специјализирани емисии од областа на екологијата, земјоделството, историјата, детски и други емисии. Во Радио Велес останува сѐ до септември 2010 година, кога и правно престанува да постои радиото, како дел од 29. јавни радиодифузни претпријатија во Македонија. Антоанела Димитриевска, преку „Радио Мост“, на Радио Велес со Радио Скопје, телефонски, во живо, секоја недела повеќе години по ред на програмата на Радио Скопје известува за одредени настани од Велес и Велешко. Во МИА, Македонската информативна агенција, работи од нејзиното основање во 1998 до 2002 година, па со прекин повторно од 2006 година до денес, каде е вработена како постојан дописник за Велес и поширокиот Велешкиот регион кој ги вклучува општините Велес, Градско и Чашка. Антоанела соработувала и со општинскиот локален весник „Вардарски глас“ од 1991 до 2001 година, сѐ до неговото затворање.

Антоанела била дописник од Велес и Велешко во дневните весници „Нова Македонија „, „Македонија Денес“ и „Време“. Пишувала статии и во списанието „Прв“, кое со десет броеви го издаваше група велешки новинари, потоа во „Семеен магазин“, во додатокот „Мали нешта“ на дневниот весник „Време“. Пишувала статии и прилози за земјоделците и земјоделството во списанието за земјоделство „Моја земја“, како и во списанието на АМСМ, „АМСМ Клуб Мобилити“, каде сè уште објавува свои текстови.
Од 1997 година соработува со весници и списанија на АРМ, „Армиски збор“, потоа и во „Одбрана“, и по нивното згаснување, во новото

Во рамките на одбележувањето на 9 Ноември, Денот на ослободувањето на Велес, беше одржана Свечена академија на која, меѓу пофалените, за посебен придонес за промоција на градот, беше и нашата долгогодишна соработничка, Антоанела Димитриевска. По тој повод, во овој број на „Штит“, накусо ја претставуваме Антоанела, која речиси во секој број на магазинот, со свои написи нè информира за активностите во велешката касарна, од КОД, од некоја значајна велешка манифестација или прави разговор со некоја интересна личност од овој град



месечно списание на АРМ, „Штит“. Антоанела пишувала текстови за еколошката состојба во Велес, во Билтенот на Зелениот центар на Велес при Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, Канцеларија за Македонија. Посебно е забележан нејзиниот професионален ангажман на програмата на Радио „Дојче веле“, DW на македонски јазик од Бон, Германија, а каде соработува како дописник од Македонија во периодот од 2005 до крајот на 2013 година. Антоанела, секоја недела, континуирано, на брановите на „Дојче веле“, а потоа и на порталот на „Дојче Веле“, прави прилози за актуелните економски, социјални, еколошки, културни и спортски теми од Велес, Скопје, Охрид, Струмица, Битола, Куманово и други градови. Нејзините текстови можете да ги најдете на Google, преведени на: англиски, грчки, српски, хрватски, италијански, германски и други јаици и преземени на многу други портали и кај домашни и светски списанија.
Антоанела во својата новинарска кариера постојано се усовршува и се надоградува. Таа, во 2002 година во МИМ, Македонскиот институт за медиуми, добива диплома од Данската школа по новинарство, а во 2003 година, исто така од МИМ, добива и Сертификат за успешно завршена Школа по новинарство од Лил, Франција. Таа пишува и статии во магазинот на МИМ, насловен како „Животот во Македонија“.
За својата 30-годишна новинарска кариера Антоанела Димитриевска вели дека најголем успех и признание ѝ се пофалбата, поддршката и благодарноста што ја добива од граѓаните, здруженијата и хуманитарните организации.
Таа потенцира дека најголема сатисфакција од работата во сите изминати 30 години ѝ претставува признанието од граѓаните, кога преку нејзините бројни текстови помогнала да се иницира до надлежните за решавање на нивните секојдневни животни проблеми.





# Несекојдневна промоција на Армијата



Далибор Спасевски е професор по спорт и спортски активности во Стручното средно општинско училиште „Моша Пијаде“ во Тетово, а својата љубов кон Армијата и особините кои треба да ги поседуваат нејзините припадници ги негува и ги пренесува постојано во неговите секојдневни професионални активности во училиштето, но и за време на неговиот одмор во кампот „Ас“ во Струга, промовирајќи ја нашата армија на еден несекојдневен начин



Повеќе години, за време на моите летувања во кампот „Ас“ во Струга, им се восхитував на активностите кои ги организираше и ги реализираше „командантот“ Далибор Спасовски со припадниците на „детската армија“ од кампот. И, кога секојдневно гледав дека тоа предизвикува восхит кај луѓето кои случајно или намерно ја следеа обуката, а особено почитувањето на наредбите, дисциплината и желбата за истрајност и успех што, всушност, е и одлика на Армијата, посакав и лично да го запознам

Убаво е кога ќе се запознае личност која самоиницијативно и волонтерски одвојува дел од своето време за да ги пренесе љубовта и знаењето кои ги поседува, за да пронајде начин тоа да предизвикува радост и задоволство кај оние што ги подучува и ги воспитува, а тоа се децата и младите, иднината на нашата држава....



„командантот“, и со овој текст во магазинот „Штит“ да го посочам како позитивен пример за промовирање на Армијата и нејзините вредности кај најмладите генерации.
Составот на „детската армија“ брои 20-30 деца на возраст од 2 до 12 години, кои за време на летниот престој во кампот, благодарение на несебичноста и професионализмот на Далибор, имаа можност да научат важни воспитни и образовни лекции кои мошне ќе им користат во иднина. Во кампот се учат и се вежбаат лекции за психофизичкиот развој на „војниците“ преку спорт и друштвени игри. Опфатени се најразлични спортски активности – гимнастика, пливање, атлетика, како и спроведување на еколошки акции, но и развивање на патриотизмот кон татковината.
Лично јас, како долгогодишен припадник на Армијата, во разговорот со „командантот“ Далибор, најмногу ме интересираа мотивите за формирањето на т.н. детска армија, а не можеби некој спортски детски клуб или нешто слично.

„Како што велат, ништо не е случајно, па ни ова, вели Далибор. Љубовта кон Армијата и карактерните особини кои треба да ги поседува припадникот на истата (љубов кон татковината, истрајност, пожртвуваност, одговорност, дисциплина, тимска работа и така натаму), направија мојата прва желба за професионален ангажман да биде да станам припадник на нашата армија. Сакајќи да ја исполнам оваа моја желба во 2009 година како дипломиран професор по физичко и здравствено образование, се пријавив на Конкурс за офицер за физичка подготовка на специјалните единици на Армијата. Иако селективниот курс во траење од 24 дена, кој се реализираше на армискиот полигон „Криволак“ го поминав со високи резултати, за жал, на крајот не бев избран“.
И, по сè изгледа, навистина искрената љубов не се заборава. Па, така, и Далибор, кој денес работи како професор по спорт и спортски активности во Стручното средно општинско училиште „Моша Пијаде“ во Тетово, својата љубов кон Армијата и особините кои треба да ги поседуваат нејзините припадници, ги негува и ги пренесува постојано при извршување на неговите секојдневни професионални активности во училиштето, но и за време на неговиот одмор во кампот „Ас“ во Струга, промовирајќи ја Армијата на еден несекојдневен начин. Искрено се надевам дека некои од многуте послушни и трудољубиви „војници“ од „детската армија“, во иднина ќе станат припадници на нашата армија и со гордост ќе ги истакнуваат и ќе ги применуваат лекциите научени од „командантот“ Далибор, кому му посакувам и во иднина со толку љубов и ентузијазам да им ги пренесува своите знаења на помладите генерации.
Професорот Далибор Спасовски од 1992 година се занимава и со атлетика. Тој е повеќекратен државен првак на 200 и 400 метри и е член на Македонската атлетска федерација. Како репрезентативец учествувал на повеќе натпревари, од кои позначајни се светските првенства во Осака (Јапонија) и во Валенсија (Шпанија), европското првенство во Бирминген (Англија), меѓународниот натпревар во Елбасан (Албанија) и меѓународниот митинг во Марса (Малта).

Елизабета Ташковска



# „Горчлива жетва“

Филмските страници на „Штит“ изминативе години прошетале низ повеќе континенти, земји и конфликти и патувале низ различни периоди од историјата, барајќи ги најинтригантните приказни поврзани за војната. Овој пат, ќе се задржиме на една тема која влегува во поширокото поимање на воениот жанр бидејќи не е поврзана за конкретен конфликт, но се однесува на една политичко-општествена ситуација, програма на Сталинизмот, меѓу двете светски војни, која го носи името - Гладомор. Гладомор е, всушност, една од најголемите национални катастрофи во Украина, односно, масовниот глад во 1932-1933 година, кој резултира со милиони жртви, никогаш официјално потврдено колку точно. Украина, Гладоморот го има прогласено за холокауст, свесно убивање на украинскиот народ од страна на Советскиот Сојуз, а како таков го имаат признаено уште неколку земји во светот. Ова, исто така, важи за една од најголемите катастрофи кои се случиле во период надвор од официјална војна.

„Горчлива жетва“ е филм на режисерот Џорџ Мендерлук кој зборува токму за оваа катастрофа, пренесена преку една топла љубовна приказна на младиот брачен пар Јури и Наталка, кои во таа сурова средина се борат за преживување и против советската војска која ја споведува грозоморната политика на советскиот лидер. А, опстанокот, значи преиспитување на сопствените принципи и внатрешната сила и истрајност.

## Семејна лоза на воини

Приказната започнува речиси фантазиски, со епска реторика, во убавиот рурален предел, каде го слушаме гласот на главниот протагонист, Јури, кој се претставува како син на Јарослав и внук на легендарниот воин Иван, навестувајќи ни, на еден начин, дека станува збор за човек кој е непокорен и предодреден да прави големи работи. Ја запознаваме и Наталка, и раѓањето на љубовта помеѓу двајцата уште како деца, љубов која ќе остане недопрена и неизбледена со годините, туку напротив, само ќе расте… Овој дел од филмот, кој временски припаѓа на епохата пред Сталиновото владеење е контраст на подоцнежниот тон во кинематографијата кој е многу помрачен, налик на вистинска воена состојба, а има цел да ја рефлектира целата негативност на таа епоха.

Наталка, иако вљубена во него, со години го одбива Јури и го одолговлекува бракот, сметајќи дека тоа ќе донесе несреќа. И, таа не е далеку од вистината. Но, низата на несреќи и смрт започнува многу порано од нивниот брак, односно, со смртта на таткото на Јури, Јарослав, кој оддава впечаток на локален авторитет, им се спротивставува на сталиновите војници кои доаѓаат да ја соопштат одлуката за



присилна колективизација и одземање на житот, така што тој е брутално убиен во битката со нив. Неговиот татко, пак, дедото на Јури, преживува во истата битка и како симбол на непокорност, жилавост и отпор останува во селото да потсетува на силата и нескршливоста на украинскиот народ. Одговорен за селото и за конфискација на житото е командирот Сергеј, главниот негативен лик во филмот, бескрупулозен, суров и моќен. Тој е претставник на сите советски војници кои се бесчувствителни извршители на суровата политика на Сталин, војници кои се спремни да го убијат секој кој причинува закана, дури и жени и деца. Меѓу нивните жртви се и мајката на Наталка, како и пријатеката на Наталка која ќе биде најгласна на протестот со цел да се прекине гладот кој владее со месеци, бебето кое Наталка го губи уште неродено не можејќи да се прехрани само со супа од трева… Жртви се и стотиците застрелани кои се обиделе да „украдат“ неколку зрна жито за да ги прехранат своите деца, мајките кои умираат на улица прегладнети, застреланите затвореници кои рекле „доста е“ на политиката која се спроведува врз нив… Рамо до рамо со Сергеј, е и бруталниот директор на затворот познат како Медвед, кој се изживува со затворениците и си поигрува со нивните судбини, правејќи циркус и забава од нивното погубување. Сепак, не сите советски војници се во ист кош, па среќаваме и примероци кои се на страната на прегладнетиот и измачен народ.

## Смрт од глад

Низ телото на Јури тече херојската крв на неговите предци. Тој е подготвен да го жртвува сопствениот живот за да остане достоен и верен на себеси и сопствените убедувања. Како талентиран уметник, Јури оди да студира во Киев, за еден ден да заработи за Наталка да не гладува, но брзо сфаќа дека тоа опкружување е многу рестриктивно за неговата слободољубна природа и неговиот опстанок е невозможен. Јури не може да се помири со фактот дека во сенката на сталинизмот, западните големи модерни уметници се негирани и притисокот брз уметноста да се претвори во уште еден инструмент на политичка пропаганда, и тоа се преворa во само уште еден слој на гнев, започнат да се таложи со насилната смрт на неговиот татко. Така, логично и очекувано, Јури станува дел од отпорот. Украина нималку на наликува на нешто кое е дел од Советскиот Сојуз, а и третманот на Сталин е бескрупулозен кон земјата и луѓето во неа. Тој ги затвора границите и го остава населението да умре



за храна, за да ги казни за нивниот стремеж за слобода, земајќи им го секое зрно жито, лишувајќи ги и од идни насади. Од друга страна, Украинците ги гледаат советските војници како окупатори. Оној кој нема да ја прифати присилната колективизација, мора да прифати куршум. Математиката е едноставна. Така, иако ова не е класичен воен филм во однос на темата, елементите на војната – окупација, отпор, борба за живот и слобода, помирување со судбината, се застапени како главен инструмент на развој на дејството.

Филмот е испреплетен со сцени кои се трагични и вознемирувачки, од луѓе кои умираат на улиците, до тегобноста и резигнираноста во прифаќањето на смртта како еден вид на спас од ситуацијата. Бавното измачување и умирање е всушност и пострашно од реалната класична војна.

## Филм за тиранијата

Иако „Горчлива жетва“ нѐ запознава со гладоморот преку љубовна приказна, филмот нималку не е наивен, туку напротив, тој е топол и романичен. Сцените со умрени луѓе од прегладнетост, легнати на улиците, изживувањето со селаните за кои смртта е веќе добредојден спас од ситуацијата, распарчените семејства, сиромаштијата, силувањето за корка леб или зрно жито, остава слики како белег во меморијата кои тешко напуштаат. Овој филм е слика за едно болно поглавје од украинската понова историја, за суровоста на една политика која свесно води во смрт милиони, за злосторство направено против човештвото. Точната бројка на загинати како последица на гладоморот не е утврдена и мошне варира, но веројатно е дека станува збор за 4-5 милиони луѓе...

Филмот, како целокупен производ, не ги задоволува апетитите на критиката и неколку осврти ќе му забележат дека влегува во низата на репетитивни клишеа. Позитивните поени ги добива поради темата која ја обработува и, за која, за жал, нема многу филмови, но целокупната изведба има доста негативни или неутрални критики и ниски оценки. Сепак, филмот е далеку од лош, особено затоа што љубовната мелодрама, како што прогресира филмот, полека влегува во втор план на приказната за гладоморот, тиранија базирана на историја.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** George Mendeluk

**Улоги:** Max Irons, Samantha Barks, Terence Stamp, Barry Pepper, Aneurin Barnard

**Сценарио:** Richard Bachynsky Hoover, George Mendeluk

**Кинематографија:** Douglas Milsome

**Монтажа:** Stuart Baird, Lenka Svab

**Музика:** Benjamin Wallfisch

**Година:** 2017

**Времетраење:** 103 min

**Земја:** Канада / В. Британија

**Награди:** Најдобар филм на „Movie Guide Awards, Grace Awards, Epiphany Awards“



# Крклино –
## село со хиподром и авто-етно музеј

Во западниот дел на Пелагонија, на 5 километри од Битола, се наоѓа селото Крклино. Во селото постои црква посветена на св. вмч. Тодор – црквата „Света Богородица“, а особено интересен е манастирот „Св. Илија“, сместен на височинка, веднаш над селото. Манастирот е омилена локација за посетителите, пред сè, поради прекрасната панорама, која од ова место се отвора кон Пелагонија и кон Пелистер.
Доколку сте љубител на јавачките спортови, може да го посетите хиподромот во селото, каде што има ергела расни коњи. Овој комплекс нуди убави услови за вистинско уживање за јавање во природа.
Во селото се наоѓа и археолошки локалитет кој се нарекува Крклино, кој претставува осамен наод од железно време. Во 1957 година бил откупен меч од бронза од типот „Ербенхеин“, кој потекнувал од наоѓалиште во атарот на селото.
Крклино е единствено село во Македонија што поседува „автосалон“ – збирка на репарирани возила и мотори. Тоа е Авто-етно музејот во приватна сопственост, кој се состои од два ката. Во првиот се сместени неколку автомобили-олдтајмери и повеќе модели на мотоцикли. Најстариот автомобил е „ситроен“ од 1925 година. На горниот кат од музејот се наоѓаат повеќе простории: селска, градска, еврејска соба и антикварница.
Во секоја просторија може да здогледате предмети од минатото, од секојдневната покуќнина, потоа оружје, како што се австриската кратка пушка, сабји или ножеви, но и музички инструменти, меѓу кои и оргули стари над 200 години, како и битолски народни носии.
Авто-етно музејот е уникатно место со раритетно богатство во традиционален рурален амбиент, што птетставува само мотив повеќе да го посетите овој музеј кој е навистина уникатен.

Кристина Илиевска
















AMMANN
HIDROMEK
232
HIDROMEK